**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „ Славчо Стојменски“ Виница**
**Општина Виница**

**за период од 2021 до 2024 година**



Датум

20.02.2025 год.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „**Славчо Стојменски“ Виница** |
| Адреса | ул. “Бел Камен” бр.7 - Виница |
| Телефон, е-пошта | 033 361 914 |
| Период на подготовка на СЕУ | Ноември - декември 2024 год. |
| Број на ученици во училиштето | 433 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Горан Иванов |
| Потпис | |
| Датум | 20.02.2025 год. |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Ивана Павловска |
| Потпис | |
| Датум | 20.02.2025 год. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|

| |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците** |
| **1.2 Наставен процес** |
| **1.3 Искуства на учениците од учењето** |
| **1.4 Оценувањето како дел од наставата** |
| **1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Славчо Стојменски“** **Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма на училиштето учебна 2022/2023 и 2023/2024; Закон за основно образование; Статут на училиштето; Програма за професионален развој; Записници од наставнички и одделенски совети; Годишни и тематски планирања по наставни предмети и дневни планирања за учебна 2022/2023 и 2023/2024 година; Формулари за следење наставни часови; Интервју со стручната служба; Прашалник за наставен кадар Интервју со директор Чек листи за следење на часови; | Поддршка и следење на планирањата на насавниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат целосно. Наставните планови и програми се според новата Концепција за основно образование и тоа во учебната 2022/2023 година се опфатени I, II, IV и V а III, од VI до IX одделение реализраа настава по стара програма. Во учебната 2023/2024 се опфатени и III и VI одделние додека VII, VIII и IX се реализираа настава според старата наставна програма. Програмите се реализираат со сите ученици, но барањата се прилагодуваат спрема способноста на учениците. Предметите кои се предаваат од прво до деветто одделение се задолжителни и донесени од Министерството, а учениците можат да бираат само изборни предмети понудени преку анкетни листови. Во спровдедена анкета со прашалник за наставен кадар анкетирани се 48 наставници и се имаа изјаснето:<br>1.1 На прашањето: Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?<br>31% од наставниците целосно се согасуваат, 60,4% се согласуваат, 4,2% не се согласуваат, 2,1% целосно не се согласуваат, и 2,1% немаат информација дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники при планирање на наставата.<br> |

| | | |
|---|---|---|
| Стручна служба (годишни извештаи за изминатите две учебни години);<br>Стручни активи(записници од одржани состаноци на актив);<br>Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања).<br>Годишна програма на училиштето;<br>Состаноци на стручни активи;<br>Тим за професионален развој;<br>Наставници (годишни програми, неделни и дневни планирања);<br>Обуки;<br>Консултативни средби;<br>Соработка на ниво на подактиви;<br>Прашалник за наставен кадар | | Во текот на наставната година најмалку два пати се следат планирањата на наставниците од страна на директорот, стручните служби. Има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Стручната служба има изготвено формулари во кои има дескриптори според кои следи конкретни часови, определени по распоред на секој од наставниците. Часовите ги следат: педагогот, психологот, директорот. На прашање од анкета одговорено е:<br>1.2 Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието од 48 анкетирани наставници – 35,4%од наставниците целосно се согласуваат, 56,3% се согласуваат, 2,1% не се согласуваат, 2,1% целосно не се согласуваат, и 4,2% немаат информација дека директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. Службата дава повратна информација на наставниците преку консултативни разговори со јасни насоки кои работи треба да се променат, а кои работи се добри. Во прашалникот за наставен кадар<br><br><br>1.3 Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети анкетираните (48) наставниците се изјаснија 31,3% целосно се согласуваат, 54,2% се согласуваат, 8,3% не се согласуваат, 2,1% целосно не се согласуваат и 4,2% немаат информација дека добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет. Во рамките на активите, се одржуваат состаноци во кои наставниците ги споделуваат искуствата и имаат консултативни средби. Во прашалникот за наставен кадар по прашањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>1.4 Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието од 48 анкетирани наставници добиен е следниот одговор - 1.4 Поголем број од наставниците се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку 2 пати во полугодие – 23 наставника или 47,9% целосно се согласуваат. 24 наставника или 50% се согласуваат 1 наставник или 2.1% не се согласуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>Училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Според интервјуто на фокус – група на наставници училиштето треба да одбира кои обуки да ги спроведе преку анкети на наставниците кои треба да се изјаснат кои обуки ним им се потребни (да се земат предвид различните потреби од обуки) и преку анализа на планот за личен развој. |

| | | |
|---|---|---|
| Консултативни средби;<br>Соработка на ниво на подактиви;<br>Записници од состаноци на стручни активи;<br>Прашалник за наставен кадар | Размена на искуства и на информации при планирањето | Размената на искуства и информации при планирањата се врши преку стручните активи при соработка за реализација на наставните програми, соработка со стручната служба и дискусија на Наставнички совети. Наставниците разменуваат искуства за планирања и изготвување на наставните содржини во рамките на стручни активи. Наставниците ги изработуваат своите планирања во консултации со стручните активи, каде разменуваат искуства, како за годишните планирања, така и за оперативните планирања начасовите. Тие исто така, планираат активности во рамките на стручните активи и самостојно. Од анализата на записниците на стручните активи констатирано е дека планирањата се изготвуваат на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети.<br>Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др. Според годишната програма на активот за одделенска настава во текот на годината одржани се 5 состаноци. Активот на предметни наставници одржал 5 состаноци за една учебна година.<br>Професионалниот развој подразбира секојдневно професионалено и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието. Активностите за професионален развој ќе се остварат преку реализација на програмата за професионален развој. Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари), дисеминација, во поглед на тоа редовно се врши дисеминација на стекнати знаења и компетенции од посетени обуки. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Закон за основно образовние;<br>Статут на училиштето;<br>Наставници;<br>Стручна служба;<br>Интервју со психолог;<br>Интервју со директор;<br>Прашалник за наставен кадар<br>Електронски дневник.<br><br>Директор; | Реализација на наставни планови и програми | Законот за основно образование децидно ги пропишува критериумите и начинот на остварување на воспитно-образовната дејност. Законот за основно образование и правилниците за работа се Национални документи кои се донесени во согласност на МОН и БРО и ја претставуваат законската рамка во која работи училиштето, наставниот кадар и по кои се одвива воспитнообразовната дејност. Статутот подетално ја регулира работата на училиштето. ООУ „Славчо Стојменски“ Виница општина Виница е централно училиште и во рамките на истото работат и две ПУ во с. Градец и с. Лески. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби со кои работат училишниот специјален едукатор и рехабилитатор и образовните асистенти во редовниот образовен систем, и со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат.<br>Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година.<br>Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случај на отсуство на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Директорот на училиштето обезбедува непречен наставен процес. Кога некој од колегите е отсутен, се обезбедува соодветна замена. Стручната служба пред почетокот на наставната година ги проверува годишните планирања на наставниците, ги дополнува и изменува онаму каде што е потребно и дава насоки како да се подобрат. Стручната служба и одделенските раководители го следат внесот на податоци во електронските дневници и алармираат кај колегите кои заостануваат со пишувањето. Од записниците на одделенските совети и родителските средби се констатира континуираната грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и локалната средина. |

| | | |
|---|---|---|
| Стручна служба;<br>Водич за слободни изборни предмети;<br>Годишна програма;<br>Прашалник за родители<br>Прашалник за ученици<br><br>Наставници;<br>Стручна служба;<br>Интервју со дефектолог<br>План за слободни ученички активности;<br>Воннаставни активности; | Избор на наставни предмети | Наставните предмети кои се задолжителни се реализираат според Наставниот план кој е пропишан од МОН и БРО според Концепција за основно образование и Кембриџ програмата (7, 8 и 9) во учебната 2023/2024 година. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците. Според тоа се прави распоредот за наставниците. Во интервјуто со ученици најголемиот дел  се изјасниле дека имаат можност да изберат предмет, На исказот: Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси поголем дел се изјасниле дека целосно се согласуваат. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во анкетата во која се анкетирани 91 родители добиени се следните резултати: 1.1 Најголем број од родителите 86% потполно се согласија дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.13% се согласуваат, а 1% целосно не се согласува.<br><br>1.2 Поголем број од родителите 79% целосно се запознаени со листата на изборни/слободни изборни предмети и активности, 20% се запознаени а 1% немаат информација.  1.3 Поголем број од родителите 70% целосно се согласуваат дека изборните предмети/активности нивното дете ги има изберено согласно своите интереси. 24% се согласуваат, 1% не се согласуваат и |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за ученици;<br>Прашалник за наставен кадар<br>Фокус група на наставници<br><br>Програма на инклузивен тим;<br>Интервју со дефектолог; ИОП;<br>Прашалник за наставен кадар<br>Индивидуален план за подобрување на инклузивноста во училиштето;<br>Мислење за ученик со ИОП од страна на стручната служба; Евалуации од страна на наставниците за ИОП на ученик со посебни образовни потреби.<br><br>Акциски план<br>Тимот за училишна | | 4% немаат информација. Во анкета се анкетирани 83 ученика од четврто до деветто одделние добиени се овие резултати:<br><br><br>1.1 На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат можност да учат на различни начини.82% целосно се согласуваат 18% се согласуваат 1.2 Сам/ сама ги имам избарано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам според моите интереси –поголем дел од учениците се изјасниле дека целосно се согласуваат. 73% целосно се согласуваат 23% се согласуваат. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. Специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето дава поддршка на наставниците при изработка на ИОП и низ консултативни средби. Во класовите со ученици со посебни потреби се вклучува по потреба во образовниот процес. Во прашалникот за наставниот кадар, наставниците се изјаснија дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците и дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава. |

| | | |
|---|---|---|
| интеграција;<br>Интервју со координаторот на тимот за меѓуетничка интеграција;<br>Меморандуми за соработка;<br>Извештаи од реализирани МИО активности; | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. Во анкетата за ученици најголем дел од учениците велат дека на часовите можат да кажат слободно што мислат. Најголем дел од учениците велат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд. Во прашалникот за наставници, наставниците се изјаснија дека учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција меѓу нив. Во разговорот со фокус-групи произлезе дека наставниците имаат потреба за обуки во кои ќе научат игровни активности, мултимедија и едукативни компјутерски игри кои ќе ја подобрат интеракцијата. Најголем број од учениците одговориле дека часот се одвива во пријатна атмосфера, но потребно е почесто да се применуваат поразлични методи и техники на работа. |
| Прашалник за наставен кадар;<br>Интервју со фокус групи на наставници; | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Истите редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. За учениците кои се категоризирани се изготвуваат ИОП, додека со останатите ученици коишто имаат тешкотии во совладувањето на наставниот материјал се работи преку прилагодувањето на формите и методите за работа. Со два ученика со посебни образовни потреби работат со асистенти кои се финансирани од ОУРЦ “Св Климент Охридски” од Ново Село. Во училиштето има вработен и дефектолог кој им пружа дополнителна поддршка на учениците со попреченост. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. Училиштето располага со мал број на асистивна технологија. Дел од кадарот не е обучен да работи со асистивна техологија, вклучувајќи го и стручните соработници, дефектолог. Училиштето нема рампа ниту лифт. Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички попречености. |

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирани во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи ТУИ нема никаква координација со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Мал број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат дека реализираат МИО активности со учениците според претходно направен план, а најголем број дека се согласуваат со таа изјава. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат три работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат по три во рамките на нивните предмети. |
| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Анкетен лист;<br>Атмосферата во училницата;<br>Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br>Разговор со стручна служба. | Средина и атмосфера за учење | Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, најголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот, а не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците. Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето. Изработените ученички трудови се изложуваат на ѕидовите на училниците, паноа во холот на училиштето, видео презентации, официјалната веб страна и фејсбук страна на училиштето, училишниот весник, ликовни изложби, литературни читања, ѕидни весници што се организираат тековно во годината по обработка на определени теми, ликовни изложби по повод одбележување на значајни датуми, како што се Детската недела,Есенски фестивал, Нова година, Велигден, работилница за 8ми март , 21 Март - Ден на пролетта и ден на еколошки акции, Денот на шегата, Патрониот празник на училиштето, 24 Мај–Ден на словенските просветители, Новогодишен продажен базар, Меѓународен ден на храната под мото „Здрава храна“ и др. Изложените трудови подеднакво ги претставуваат и двата пола. Во тежнеење да се спроведе активната настава (активно учење) интерактивно се позастапени методите со кои се вклучуваат учениците во самостојно учење и осознавање. Учениците главно се мотивираат да преземат лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да учествуваат во учењето и наставата, со тоа што активно учествуваат на часовите во усвојување на нови знаења до презентирање на делови од нови содржини или цели содржини. Изработуваат проекти (македонски јазик), плакати ( математика), ѕидни весници (унапредување на здравјето, англиски и германски јазик), истражувања за одредена проблематика (биологија), изнаоѓање и прибирање на разновидни податоци од секојдневниот живот (македонски јазик, физика, географија), од средината во која живеат. Прават сирење и леб на часовите по биологија, и многу други практични активности. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкетен лист;<br>Атмосферата во училницата;<br>Индивидуални усни разговори со наставници и ученици;<br>Разговор со стручна служба | | 1.9 Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете - Поголем број од родителите се изјасниле дека училиштето го чувствуваат како мотивирачка средина за нивното дете.58% целосно се согласуваат, 40% се согласуваат, 1% не се согласуваат 1% незнаат немаат информација.<br><br><br>1.10 Моето дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) – голем број од родителите се изјасниле дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. Енциклопедии, списанија, интернет, модели) 47% целосно се согласуваат, 38% се согласуваат, 7% не се согласуваат и 8% не знаат немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | |  |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Стручните соработници во соработка со наставниот кадар, на почетокот на учебната година, преку прашалници ги идентификуваат учениците со потешкотии и надарени и талентирани ученици. Учениците кои имаат документ од МКФ се ученици кои се категоризирани и работат со ИОП, кој го изготвуваат наставниците во соработка со стручните соработници. Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства. |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Метод и форми за оценување;<br>Разговор со претставници на Стручната служба;<br>Програма за работа на училиштето<br>Правилник за оценување и напредување на учениците; | Училишна политика за оценување | Оценувањето се врши според законските норми и прописи кои го регулираат оценувањето на ученикот во училиштето. Членовите на Стручната служба се произнесоа дека во процесот на оценување на учениците се користат предвидените методи и форми и дека тој процес се спроведува според дадени критериуми. Наставниците го користат и методот на самооценување и меѓусебно оценување кај учениците како и ученички портфолија за секој ученик (95%). Учениците и родителите редовно се информирани за постигнувањата на учениците. Постигнувањата и успехот на учениците се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга, кои се водат редовно и навремено (97%). Давањето домашни задачи на учениците влијае за подобрување на успехот, а исто така и учеството на натпревари на учениците и нивните наставници – ментори е мотивирачко за поголеми резултати и подобар кариерен развој на наставниците. |

| | | |
|---|---|---|
| Интерен правилник за оценување;<br>Увид во педагошката евиденција и документација;<br>Користените инструменти за оценување;<br>Користење на информациите од оценувањето во наставата;<br>Записници од стручните активи, наставничкиот совет; Интервју со<br><br>директорот и стручната служба; | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат најразлични форми, методи и инструменти за оценување на учениците како што се: формативно оценување, усна повратна информација, чек листи, листи за следење, метод на истражување, илустративен метод, метод на набљудување, самооценување на учениците итн. Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?<br>Поголем дел од наставниците 40 до 50% во наставата користат метод на усно излагање, но исто така се почесто наоѓа примена и метод на разговор, поретко дискусија, метод на илустративно-демонстративна работа, учење преку игра, а мал дел наставници 20 до 30% применуват искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување.<br><br><u>Најзастапени методи</u> |

| | |
|---|---|
| 1. Метод на игра - 9 наставника | 2. говорен метод -50 |
| 3. метод на покажување - 15 | 4. илустративен метод - 8 |
| 5. метод на пишување, цртање- 8 | 6. метод на работа со текст - 26 |
| 7. Дискусија - 15 | 8. метод на истражување - 4 |
| 9. Метод на презентација -18 | 10. метод на практична работа - 11 |
| 11. аудио – визуелен метод 11 | 12. демонстративен -/ предавање -6 |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети/интервјуа со учениците, наставниците и родителите; Инструменти за индивидуализирани начини на проверка. | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Голем број од наставниците ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати, им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Целосно ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. Поголем број од наставниците целосно се согласуваат дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат а дел од наставниците се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците. Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена и дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена. Поголем број од учениците се изјасниле дека оценувањето на сите ученици е праведно и дека наставниците редовно ги известуваат за постигнувањата и начините за нивно подобрување. Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците користат различни начини за проверка на знаењата и редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати. Голем број од наставниците одговориле дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд и им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања. Голем број од наставниците се изјасниле дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат и редовно ги вклучуваат учениците во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). Голем број од родителите се изјасниле дека наставниците ги пофалуваат нивните деца за вложениот труд и дека наставниците даваат насоки како нивното дете подобро да учи.<br>Коефициентот на континуитет на успехот по учебни години на полугодие и крајгодина за VII,VIII и IX е прикажан во следните табели: |

| Учебна 2021/2022 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | VII одд. | VIII одд. | IX одд. | VII до IX одд. |
| Среден успех на полугодие | 3,23 | 3,63 | 3,29 | 3,38 |
| Среден успех на крај | 3,42 | 3,96 | 3,65 | 3,68 |
| Коефициент | **0,94** | **0,92** | **0,90** | 0,92 |

| Учебна 2022/2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одделение | VII одд. | VIII одд. | IX одд. | VII до IX одд. |
| Среден успех на полугодие | 3,52 | 3,18 | 3,83 | 3,51 |
| Среден успех на крај | 3,78 | 3,49 | 4,4 | 3,89 |
| Коефициент | **0,93** | **0,91** | **0,87** | 0,90 |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>
<table>
<tr><td colspan="4">Учебна 2023/2024 година</td><td></td></tr>
<tr><td>Одделение</td><td>VII одд.</td><td>VIII одд.</td><td>IX одд.</td><td>VII до IX одд.</td></tr>
<tr><td>Среден успех на полугодие</td><td>3,63</td><td>3,6</td><td>3,27</td><td>3,50</td></tr>
<tr><td>Среден успех на крај</td><td>3,89</td><td>3,82</td><td>3,58</td><td>3,76</td></tr>
<tr><td>Коефициент</td><td>0,93</td><td>0,94</td><td>0,91</td><td>0,93</td></tr>
</table>
Коефициентот на континуитет на успехот на ниво на училиште од трите претходни последователни години,пресметан како однос на среден успех на училиштето на полугодието и на крајот е поголем од 0,9 што значи дека оценвањето е праведно.
</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Користење на информациите од оценувањето во наставата</td>
<td>Информациите добиени од оценувањето, наставниот кадар ги користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира идните чекори за нивниот напредок.<br>Наставниот план и програма дава слобода наставниците да внесат измени во материјалите, измени во методите на предавање или додатни ресурси за да се зголеми интересот за учење.Наставниците ги препознаваат учениците кои потешко усвојуваат наставни содржини и ги вклучуваат во дополнителна настава. Ги препознаваат и учениците кои побрзо напредуваат и вклучувајќи ги во додатна настава.Постигнатите знаења учениците ги применуваат за учество на натпреварите .</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="3">Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари</td>
</tr>
<tr>
<td>Извори на податоци</td>
<td>Теми по индикатори</td>
<td>Информации кои се собрани</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа; Програми за воннаставни активности; Дневни подготовки и планови за реализација на воннаставните содржини; Дневници за работа; Програма за соработка со локалната заедница Програма на ученичката заедница; Програма за здавствена заштита и производна и општествено корисна работа; Програма за работа на Советот на родители; Разговор со претставници на Стручната служба; Извештај од реализирани | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето има изготвено посебни програми за реализација на воннаставните активности кои се реализираат во текот на целата учебна година според предвидените рамки и во согласност со можноста за реализација. Училиштето се грижи за задоволување на потребите на учениците од аспект на учество на натпревари и конкурси во земјата и надвор, културни и рекреативни активности. Во изготвувањето на програмата учествуваат и претставници од ученичката заедница со свои предлози и идеи. Во годишната програма исто така се изготвуваат и планирања за активности од општествено корисна работа на учениците. При реализацијата на воннаставните активности се изработуваат и дневни подготовки во кои се опишани содржините и целите на активностите. Во реализацијата на планираните активности учествува и ЕЛС со свои претставници во зависност од полето на активноста. Програмата за соработка со локалната заедница се реализира заедно со Службите во општината и се однесува на: одбележување на значајни датуми, локални манифестации, културни настани, посети, јубилеи, проекти и др. Соработката со локалната заедница се реализира и на институционално поле преку посети и редовна соработка со институции од областа на Здравството, Труд и социјална политика, Дом на културата, Градска Библиотека, Развоен Центар-Винчини, Локална Самоуправа, Полиција, Пошта, Банка, Противпожарна служба и други институции значајни за секојдневното живеење. Грижата за здравствената заштита на учениците се остварува преку редовни превентивни систематски и стоматолошки прегледи во Здравен Дом-Виница. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Се планираат и реализираат заеднички работилници на ученици со вклученост и на родители за одбележување на значајни датуми, спортски активности, екскурзии и сл. Ученичката заедница ја реализира својата програма преку разни активности поврзани со наставата и воннаставните активности во корелација со локалната средина со што учениците добиваат можности за дружење по разни поводи, приредби, празници и др. манифестации на локално ниво. Тимот за соработка со родители активно е вклучен во сите манифестации и активности во кои се вклучени ученици од различен пол и националност. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | За реализација на воннаставните активности се следат потребите и интересите на учениците (преку анкети), во кои се изјаснуваат за таа цел. Содржините од воннаставните активности се евидентираат на посебна страна во Дневниците на паралелките. Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности и дека се вклучуваат по сопствен избор во воннаставните активности. Поголем број од учениците се изјасниле дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности и се вклучени во активности заедно со ученици од други култури. |

<table>
<tr>
<td>екскурзии;<br>Педагошка евиденција и документација;<br>Дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>Интервјуа/анкети со наставници, родители, ученици и стручните соработници<br>Интервју со директорот<br>Записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>Увид во вебстраницата, весниците, програмата на радио, социјалните мрежи.</td>
<td>Натпревари</td>
<td>Воннаставни активности и учество на ученички натпревари Слободните ученички активности се карактеризираат со разновидност и голем опфат на ученици. Вклучени се ученици од двата пола, од различни националности, секој според своите интереси, афинитети и способности. Во одделенска настава работат 6 секции. Секција по англиски, музичко- ритмичка, математичка, ликовна, спортска и литературна секција. Во предметна настава се застапени 13 секции. Учениците во учебната 2022/2023 година се вклучија во различни литературни конкурси и натпревари, некои од нив онлајн натпревари и постигнаа солидни резултати кои се прикажани во следната табела:
<table>
<tr><td></td><td colspan="3">2021/22 Год.</td><td colspan="3">2022/23 год.</td><td colspan="3">2023/24 год.</td></tr>
<tr><td></td><td>Општ. Натпр.</td><td>Реги о. Натп.</td><td>Држа. Натп.</td><td>Општ. Натпр.</td><td>Реги о. Натп.</td><td>Држа. Натп.</td><td>Општ. Натпр.</td><td>Реги о. Натп.</td><td>Држа. Натп.</td></tr>
<tr><td>Матем атика</td><td>I (2)<br>II (3)<br>III (1)</td><td>II (1)</td><td></td><td>II (3)<br>III (3)</td><td>I (1)<br>III (2)</td><td></td><td>I (3)<br>II (3)<br>III (1)</td><td>I (1)<br>III (2)</td><td></td></tr>
<tr><td>Англи-ски ј.</td><td>I (3)<br>II ( 3)<br>III (1)</td><td></td><td></td><td>II (3)<br>III (2)</td><td></td><td></td><td>I (1)<br>II( 1)<br>III (1)</td><td>II (1)</td><td></td></tr>
<tr><td>Биоло-гија</td><td></td><td></td><td>I (2)<br>III (2)</td><td>III (2)</td><td>III (2)</td><td></td><td>II (2)<br>III (4)</td><td>II (2)<br>III (4)</td><td>II (1)</td></tr>
<tr><td>Физика</td><td>I (1)<br>II (2)</td><td>I (1)<br>II (2)</td><td></td><td>I (5)<br>II (2)</td><td>II (1)</td><td></td><td>III (1)</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Прир. науки</td><td>II (1)<br>III (6)</td><td></td><td></td><td>I (1)<br>II( 1)<br>III (1)</td><td>II( 1)<br>III (2)</td><td></td><td>II( 6)<br>III (1)</td><td>II( 3)<br>III (3)</td><td></td></tr>
</table>
</td>
</tr>
</table>

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Геогра-фија | I (1)<br>II (1) | | | I (2)<br>II (2) | | | I (2) | I (2) | |
| Хеми-ја | | | | III (1) | | | | | |
| Музич смотри | | | | | | II | | | |
| Спорт | | | | I | I | III | I | II | |
| Литер. конкурси | I (1)<br>II (1) | | | | | | I (1)<br>II (1) | III | |
| Кенгур | | | | | | | | | I (13)<br>II ( 20)<br>III (28) |

Учениците редовно се  вклучуваат во различни литературни конкурси и натпревари, некои од нив онлајн- натпревари и постигнаа солидни резултати кои се прикажани во следната табела:

| **Учебна 2021/22** | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на натпревар** | **Организатор** | **Одд.** | **Освоено место** |
| *Литературен конкурс по повод светскиот ден на* | *Градска библиотека „Ванчо Прќе“ -Виница* | *VIII-1* | *<u>2 место</u>* |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | *мајчиниот јазик, 21.02.2022 год.* | | | | |
| | | | *Конкурс за литературни творби во категорија од VII до IX одд. на тема: Гоце Делчев – голем херој и заштитник на својот македонски народ* | *Сојуз на просветни работници* | *VII-2* | *3 место* | |
| | | | *53 Рацинови средби* | *Клуб на писатели„Коста Солев Рацин“-Велес* | *XI-1* | *пофалена* | |
| | | | *Литературен конкурс во чест на Тоше на тема: „Да ја продолжиме хуманоста на Тоше“* | *СОУ„Ванчо Прќе“ - Виница* | *VIII-1* | *Прво* | |
| | | | **Учебна 2022/23** | | | | |
| | | | *48 Детски поетски фестивал „Мајски цвет“* | *ЈОУ Библиотека "Искра" - Кочани* | *IX-1* | *3 награда (творба) 1награда (интерпретација)* | |
| | | | *Млади библиотекари Натпревар за библиотекарство,* | *Градска библиотека „Ванчо Прќе“-Виница* | *IX-1* | *2 место* | |
| | | | *22.05.2023 год. меѓуопштински натпревари во футсал машки* | *Сојуз на училишен спорт Виница* | *VI , VII* | *1 место* | |
| | | | *Општински натпревар во футсал на 20.10.2022* | *Сојуз на училишен спорт Виница* | *VIII ,IX* | *1 место* | |
| | | | *Меѓуопштински натпревар во футсал на 27.10.2022* | *Сојуз на училишен спорт Виница* | | *1 место* | |
| | | | *Зонски натпревар на 22.11.2022* | *Сојуз на училишен спорт Виница* | | *3 место* | |
| | | | **Учебна 2023/24** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Литературен конкурс „Да ја продолжиме хуманоста на Тоше“ | ЈОУ „Ванчо Прќе“ Виница | VII-3 | прва |
| | | Општинскиот натпревар ,,Млади библиотекари 2024“ | ЈОУ ,,Ванчо Прќе’’ - Виница | VIII - 3 | 1 место<br>3 место |
| | | 23 Републички натпревар "Млади библиотекари 2024" | Библиотекарското здружение на Македонија. | VIII - 3 | учество |
| | | Литературен конкурс по повод Светскиот ден на мајчиниотјазик, на тема: „Мајчиниот јазик -мојот корен ,моето јас | ЈОУ „Ванчо Прке“- Виница | IX-1<br>VI-1<br>IV-1 | 1 место<br>2 место<br>3 награда |
| | | XX Републички детски фестивал -Ракатки на тема „Македонија мојата татковина мојот дом“ | Ракатки | IX-1 | I награда |
| | | Детски Поетски Фестивал "Мајски Цвет" 2024г. | ЈОУ Библиотека "Искра" - Кочани. | IX-1 | учество |
| | | Детски Поетски Фестивал "Мајски Цвет" 2024г. | ЈОУ Библиотека "Искра" - Кочани. | VII-3 | награда за најдобра интерпретација |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| 1.Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава повратна информација. Часовите се следени од страна на: педагогот, психологот, директорот и со наставниците се прават консултативни разговори. |

2 Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.
3. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат.
4. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.
5. Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.
6. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
7. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови.
8. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Наставниците и стручните соработници делумно се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар од Скопје за унапредување на наставата за учениците со попреченост.
9. ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат работилници поврзани со МИО-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат во рамките на нивните предмети.
10. Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.
11. Стручната служба во соработка со наставниот кадар преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година ги идентификува учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.
Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

Како училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?

Обуки официјално се обезбедуваат преку БРО. Секој наставник или стручен соработник може дополнително да посетува обука доколку во својот личен професионален план така одредил.

Дали има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?

Да, во зависност од обуката и насоката за вршење дисеминација.

12. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?

Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)

Секој наставник планирањата ги подготвува индивидуално а понекогаш по активи(обично во одделенска настава), Некои планирања за слободни изборни предмети по новата Концепција се превземат од страната на БРО или од други училишта.

Кој ги следи планирањата? Колку често?

Годишните и тематските ги следи педагогот на почетокот на годината и прави анализа за нивната содржина со препораки за корекции доколку е потребно. Дневните планирања ги следат педагогот и психологот при посета на часови.

Како се дава поддршка за подобрување?

Препораки од БРО и препораки и коментари од педагогот на Наставни Совет и при индивидуални разговори и консултации со наставниците.

Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?

Се изготвуват квалитетни планирања кои ги содржат потребните елементи и се функционални со можност за измени и прилагодувања по потреба во текот на годината.

1.1. Како во училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник?

Во случај на отсуство на наставник, стручната служба изработува соодветен привремен распоред за непречено изведување на часовите на учениците, често, доколку е потребно во одредени паралелки се реализираат работилници од страна на стручната служба.

1.2. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?

Процесот за понудување и избор на СИА и СИП е законски одреден преку Правилник и истиот се реализира на тој начин. Од 4-7 одд. учениците добиваат анонимен општ анкетен прашалник со кој се проверува заинтересираноста на учениците по подрачја и потоа преку анкетен лист им се нудат предмети чии програми веќе се усвоени од БРО. Од 4-9 одд. на учениците им се нудат повеќе изборни предмети а најмалку 3 , од кои учениците бираат 1. Учениците имаат можност да посетуваат слободни/ изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес.

1.3. Како вообичаено се одвиваат наставните часови?

Согласно информациите кои ги имате од следење на часовите, колку сметате дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците? На кој начин го прават тоа? Колку разлики има помеѓу наставниците?

Учениците со посебни образовни потреби имаат можност за ИОП (индивидуален образовен план) кој наставниците се должни да го изработуваат. За останатите ученици, одредени наставници знаат да изработуваат задачи во одредени прилики кои ќе покриваат три категории, или се дава екстра задача за понапредни ученици, или поедноставна задача за ученици со потешкотии. Сепак, индивидуалните образовни потреби не се анализираат за да може да се пристапи кон индивидуализиран пристап на секој час и по секој предмет.

Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?

Наставни нагледни средства кои се обезбедени од училиштето, изработени од наставници, Смарт табли, ТВ монитори, лаптопи, се користат наставни ливчиња, флеш карти, графикони, како и технички помагала LCD проектор, DVD плеер, CD плеер, компјутер и сл.

Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?

Поголем дел од наставниците 40 до 50% во наставата користат метод на усно излагање, но исто така се почесто наоѓа примена и метод на разговор, поретко дискусија, метод на илустративно-демонстративна работа, учење преку игра, а мал дел наставници 20 до 30% применуват искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување.

<u>Најзастапени методи</u>

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Метод на игра - 9 наставника | 14. | говорен метод -50 |
| 15. | метод на покажување - 15 | 16. | илустративен метод - 8 |
| 17. | метод на пишување, цртање-8 | 18. | метод на работа со текст - 26 |
| 19. | Дискусија - 15 | 20. | метод на истражување - 4 |
| 21. | Метод на презентација -18 | 22. | метод на практична работа - 11 |
| 23. | аудио – визуелен метод 11 | 24. | демонстративен -/ предавање -6 |

Колку од наставниците од вашето училиште обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови? Какви методи и техники користат наставниците во работата со учениците со ПОП?

Скоро 90% од наставниците обезбедуваат еднакви можности и настојуват да ги вклучат и ангажитаат сите ученици за време на наставните часови.

Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?

За организирање на дополнителната и додатната настава во училиштето се изготвува распоред на месечно ниво а наставниците се задолжени редовно и на време да ги информираат учениците и родителите за термините.

- Како ја проценувате образовната инклузија во училиштето?
- Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици? Како функционираат? Со кои предизвици се соочуваат?

Има формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици. Истите функционират.Инклузивното образование само по себе не ги дава очекуваните резултати и покрај силно вложениот труд.

| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Учениците и родителите за помошта што може да ја добијат од педагошко-психолошката служба се информираат преку индивидуални контакти на службата и учениците и родителите, од страна на одделенските наставници во одделенската настава и одделенските раководители во предметната настава на одделенски час, на родителските состаноци, како и на седниците на Советот на родители. При ова подеднакво се информираат сите ученици и нивните родители без оглед на полот и националната припадност ( во нашето училиште посетуваат ученици од македонската националност).<br>Во училиштето постои Програма за професионална ориентација, а дел од активностите се содржани во програмите на директорот, психологот, педагогот и одделенскиот раководител на деветто одделение. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања на одделенскиот час или на посебни часови за ученици од деветто одделение од страна на одделенскиот раководител и психологот на училиштето, како и преку ученичката организација за која е одговорен педагогот на училиштето. Исто така во однос на изборот на натамошното продолжување на образованието на учениците без оглед на полот, учениците подеднакво се информираат за за средното образование во градот Виница, како и на територијата на Република Македонија, можностите и условите за запишување од страна на одделенските раководители и преку презентации на самите средни училишта, изведени во нашето училиште.<br><br>Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?<br>Стручната служба во училиштето секоја година работи на професионалната ориентација на учениците од деветто одделение со цел да им се помогне при одлуката каде да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности. Како активност се реализира преку работилници, прашалници и анкети. Психологот врши тестирање за апстракнтно разбирање преку ДАТ А, и Прашалници за професионални интереси и способности, и секој ученик потоа добива повратна информација во писмена форма. Редовно имаме посета и презентации на неколку средни училишта, како и посета на СОУ „Ванчо Прќе“ – Виница.<br><br>**Анкетирани се 91 родител**<br>**( 58 родители на ученици од I до VI одд. )**<br>**Добиени резултати :** |

| | ***Целосно се*** | ***Се согласув ам*** | ***Не се согласув ам*** | ***Целосно не се*** | ***Не знам/*** |
|---|---|---|---|---|---|

| | ***согласувам*** | | | ***согласувам*** | ***Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.20 Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | 27 или 46,56% | 21 или 36,21% | 3 или 5,17% | 1 или 1,72% | 6 или 10,34% |
| | | | | | |

**( 33 родители на ученици од VII до IXодд.)**
**Добиени резултати :**

| | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.4.20 Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | 15 или 45,4% | 15 или 45,4% | 2 или 6,06% | | 1 или 3,03% |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се многу добри и истите се синоним за училиштето и афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. Исто така во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и учетвуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Имаат училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа.

Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонанаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето.

Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истоте се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето.

Училиштето има склучено голем број на меморандуми за соработка со локалната заедница и инсттуции, невладини организации и акредитирани организации кои постојано ја следат работата, се вклучени и донираат соодветна опрема или интелектуални услуги во училиштето.

Се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и вонанаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни инстотуции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците.

Педагошко психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. ППС во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование.

**Силни страни**

- Училиштето има позитивна клима
- Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни
- Училиштето има детски парламент
- Училиштето има ученик правобранител
- Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.
- Училиштето постојано соработува со локалната средина
- Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните медиуми
- Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
- Училиштето организира работилници, едукација и наставни и вонанаставни активности за превенција од насилството

| |
|---|
| - Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол<br>- Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје<br>- Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>- Училиштето води грижа за цосио-емоционалната состојба и менталното здравје<br>- Училиштето постојано соработува со родителите во разреѓувањето на ситуации со учениците<br>- Во училиштето има позитивна работна атмосфера, покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа |
| **Слаби страни**<br>- Недоволно одржување на хигиената во училиштето ( хигиена во WC );<br>- Нема Обуки за препознавање и справување со булинг и врсничко насилство;<br>- Забележано е големо осипување на учениците;<br>- Кај поедини одделенија постои недисциплината на учениците;<br>- Покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа . |
| **Приоритети**<br>- Подобрување на хигиената во училиштето ( хигиена во WC )<br>- Поголема едукација на децата Роми и нивните родители;<br>- Наставниците повеќе да се ангажираат во наставниот процес во поглед на дисциплината;<br>- Организирање обуки за препознавање и справување со булинг и врсничко насилство ;<br>- Соработката на родителите со наставниците да се зголеми посебно со недисциплинираните деца преку најразлични видови на информирање;<br>- Да се најде модул за мотивација на амбициозните наставници.<br>- Покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа ( за ученици и наставници ) . |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Славчо Стојменски"** **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Записник од состанок на Училишнкиот одбор<br>Книга за евиденција од посетени часови<br>Хронолошки дневник на педагогот<br>Записници од советници<br><br>Записници од наставнички совет<br><br>Делодовна книга во архивата<br>Барања од наставници<br>Потврди за учество на семинари во персоналното досие | Управување со училиштето | 1. *Каква е структурата на раководењето во училиштето (Училишен одбор, директор на училиштето).*<br>Орган на управување во училиштето е училишниот одбор. Тој е составен од 7 (седум) членови и тоа: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите односно старателите на учениците, еден претставници од основачот (Град Виница). Сите членови имаат право на глас Мандатот на членовите на училишниот одбор трае четири години. Изборот на членовите во училишниот одбор се врши со гласање во рамки на наставничкиот совет (при избор на претставници на наставниците), советот на родители (при избор на претставници на родителите) и со назначување од страна на другите субјекти како МОН и Град Виница.<br>Училишниот одбор се разгледува: Годишната програма за работа на училиштето, успехот и поведението на учениците, се состанува при разгледување на приговори и жалби од страна на вработените и учениците. Училишниот одбор информира за проекти кои се реализираат преку МОН, БРО и други институции и организации. Предлага финансиски план за користење средства во училиштето за тековната година. Се состанува и дава свое мислење по објавени огласи за прием на наставници, директор и друг кадар во училиштето. Донесува одлуки за годишен попис на постојните средства, побарувања, обврски и сл.<br>Од прашалникот за родители на прашањето: |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Орган на раководење во училиштето е директорот на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиската работа на училиштето. Него го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Виница. Неговиот мандат е во траење од четири години.<br>2. *Дали се јасно дефинирани надлежностите за управување и за административните задачи?*<br>Надлежностите за управување како и административните задачи се формално дефинирани во Статутот на училиштето и во Законот за основно образование.<br>3. *Како раководниот тим соработува во размена на идеи и разрешување на проблеми?*<br>Раководниот тим формално треба да има соработка со сите субјекти од кои се делегирани членовите кои го сочинуват, бидејќи тие практично ги претставуваат овие структури и се запознаени со сите состојби во училиштето и пошироко во општествената заедница. Соработката е повеќенасочна и интерактивна, а се однесува на прашања и проблеми врзани со работата на училиштето и пошироко, општествената заедница.<br>Размената на идеи се врши на повеќе нивоа вклучувајќи ги учениците, родителите, наставниците и претставниците од Општината, МОН, а секако по потреба и други субјекти од интерес, во врска со прашања кои се врзани со работата на училиштето.<br>Разрешувањето на проблеми се остварува со учество на сите управувачки, раководни и стручни тела во училиштето како и соработка со родителите, учениците и МОН. |

| | | |
|---|---|---|
| Записник од комисијата за материјално финансиско работење од страна на Локалната средина<br>-Записник од Училишниот одбор -Записник од Советот на родители.<br>План за материјално технички потреби на училиштето за една година | | <br> |
| | Раководење со училиштето | Во нашето училиште  Директорот на училиштето е раководен и извршен орган.<br> Од интервјуто на директорот за раководењето на училиштето.<br>„Раководниот орган – на училиштето е директорот  кој е обврзан според законот за основно образование да има годишна програма за неговата работа која влегува и во склоп на годишната програма за работа на училиштето. Работата на директорот е пред се насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите предвидени со програмата. Раководниот орган редовно одржува состаноци во текот на учебната година преку Наставнички совет, Совет на одделенски и предметни наставници, со стручните активи на училиштето како и со Советот на родители. Ја следи работата на вработените во училиштето.<br>Како орган на раководење успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вработени во училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето, ги подобрува условите за работа со изведување на градежни работи и во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците како и подобрувањето на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува соработка со градоначалникот, локалната заедница, невладиниот сектор, со другите основни и средни училишта и ред други институции“. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Постапките со кои се обезбедува финансиското работење на училиштето е со изготвување на годишен буџет на училиштето, поткрепено со план и |

| | | |
|---|---|---|
| | | програма за материјално-технички потреби и трошоци за училиштето. За да биде правилно спроведуван, тој е контролиран од комисијата за материјално-финансиско работење од советот на локалната самоуправа<br>За училишниот буџет и за трошоците се информирани Училишниот одбор, Советот на родителите и Советот на локалната самоуправа (Советот на општината) и наставничкиот совет. Информациите за Училишниот буџет им се достапни на родителите преку претставниците од Советот на родители во Училишниот одбор, а Локалната заедница преку јавните седници на Советот на општината.<br>На прашањето од анкетата на наставници: Запознаен сум ако се троши буџетот на училиштето?<br><br> |
| | Раководење со кадарот | Надлежностите за управување и административните задачи во нашето училиште се јасно дефинирани, се знае кои им се надлежностите и задачите. Стручно лице надлежно за административните задачи во училиштето е секретарот и благајникот на училиштето.<br>Вкупниот број на состаноци на училишниот одбор во 2024 е 11 (единаесет) а, во 2023 9 (девет) состаноци.<br>Состаноците се водат со однапред изготвен и доставен дневен ред, со можност за измена и дополнување на истиот, а состанокот го води претседателот на Училишниот одбор. Присуството на членовите за состаноците го обезбедува претседателот на Училишниот одбор, Директорот и секретарот на училиштето.<br>Во раководната структура на училиштето е вклучен и раководител на подрачно улулиште во ПОУ с. Градец.<br>Раководниот тим со другите субјекти во училиштето е во форма на консултирање-директно и индиректно, а се информираат сите субјекти во |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето: наставниците на Наставнички совет со известувања, на родителските средби, соопштенија до учениците и раководството на Детската организација и Заедницата на учениците. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>-Книга за евиденција од посетени часови | Следење и унапредување на наставниот процес | За оценување на работата на наставниците, директорот и педагогот и психологот одат и присуствуваат на одредени часови кај наставниците, за да се видат резултатите од планирање до реализирање на наставната програма.<br>Од спроведената анкета:<br><br><br><br><br>Исто така работата на наставниците се оценува и следи од страна на советниците. На секои 2 години се прави интегрална евалуација од страна |

на просветниот инспекторат и таму се врши проверка на работата и постигањата на наставниците.

Училиштето дава поддршка на наставниците за подобрување на нивните стручни способности, со навремено известување за закажаните семинари и проекти и ги праќа истите на тие семинари.




На прашањето за наставници: Дали учествуваат во обуки согласно нивните потреби, од вкупно 48 испитаници, 22 или 45,8% одговориле дека целосно се согласуваат, а 25 или 42,1% одговориле дека се согласуваат.
На прашањето: Дали училиштето ме потикнува стручно да се усовршувам?




За наставниците - приправници училиштето назначува ментори кој ќе им даваат упатства, информации и им ги пренесуваат своите искуства. Со

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците-приправници работи и педагогот на училиштето во давање стручни совети за изработка на планирањата, дневните подготовки, во изготвувањето на тестови, наставни листови и др. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| - Записници од Наставнички совет<br>- Записници од совет на родители<br>Записници од Училишен Одбор | Процедури за креирање на училишната политика | Постапката во креирањето на училишната политика е преку давање предлог за изготвување Годишна програма за работа на училиштето, наставни програми и планирања, контакти со родителите и давање предлог и учество во работата на училиштето, лични контакти, соопштенија, информации, известувања.<br>Во дел учеството на креирањето на училишната политика е и развојното планирање во кое учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците, стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници.<br>Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот е донесен за период 3 - 5 години. Подрачја на промени и приоритети се: организација и реализација на наставата, училишниот менаџмент, училишната култура, училишната клима, усовршување и професионален развој на наставниците, комуницирање и односи со јавноста. Цели на училиштето се: надминување на традиционалната настава и заменување со современа активна настава, обезбедување на навремена и потполна информираност на учениците, родителите и наставниците, Обезбедување взаемно почитување и доверба, обучување на наставниците за користење современи наставни методи, унапредување на формите на соработка со родителите.<br>Планирањето за тековната година се прави по претходна анализа на наставниот процес и со анализа на резултатите од претходната учебна година.<br>Се спроведуваат и анкети меѓу наставниците за да се констатираат добрите и лошите страни на работењето, се врши интервјуирање и анкетирање на родителите и наставниците. Исто така се прави и анализа на извештаите за одржани родителски средби, се разгледува извештајот за активноста на родителите.<br>На прашњето од анкетата на наставници е прикажано во следниов график. |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br>Во креирањето на училишната политика учествуваат-раководната структура на училиштето, наставнички совет, одделенски раководители, раководната структура на Детската организација, Советот на родителите, стручните активи. За нивната работа се водат записници кои се достапни за наставниците. Советот на родители не функционира во најдобар ред, не одржува редовни состаноци и од тие причини немаме доволно информации и записници за неговата работа. Стручните активи работат и функционираат делумно, а кај поедини активи соработката задоволува.<br>Училиштето има политика и правилници во врска со дисциплината, дисциплински мерки, поведение, насилничко однесување, сексуална злоупотреба и дискриминација, врз основа на нив се донесува одлука за изрекување на педагошки (дисциплински) мерки и пофалување на ученици. За насилничкото и агресивното однесување и сексуална злоупотреба има одржано и педагошки работилници со учениците од страна на педагогот и психологот во училиштето, се разговара на одделенскиот час и индивидуални разговори, посебен разработен систем и политика нема, бидејќи нема такви појави во училиштето. |
| | Резултати од развојно планирање | Целите во најголем број се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. |

<table>
<tr>
<td>Развоен план на училиштето<br>Акциски планови за постигање на поставените цели<br>Планот за следење и евалуацијата на реализацијата на акциските планови<br>Записници од органи и тела<br>Анкета со наставниците, родителите и учениците<br><br>Годишна програма за работа<br>План за професионален развој<br>Финансиски план на училиштето<br>Увид во инфраструктурата<br>Апликациите за обезбедување средства<br><br><br>План за финансиско работење на училиштето (сметководство)</td>
<td></td>
<td>



Училиштето во поголем број ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивното реализирање и постигнатите резултати преку полугодишните и годишните извештаи за работата на училиштето. Училиштето ги зема предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница за подобрување на квалитетот на наставата како и уловите за работа.<br>Училиштето континуирано ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот. Има подготвено програма и која не се реализира поради финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и унапредување на воспитно-образовниот процес. Училиштето има воспоставено систем за дисеминиција на стекнатото знаење и континуирано ја следи промената на стекнатото знаење од усовршувањето на наставниот кадар од страна на стручни лица од БРО и ДПИ.<br>Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и по финансиска можност ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема во поголем број се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување.<br>Училиштето континуирано го ревидира планот за подобрување и усовршување на инфраструктурата на училиштето со средства од МОН и Општина Виница, како и од државни и локални проекти за наменско инвестирање во истата. Училиштето има воспоставено континуирана соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрувањето на инфраструктурата.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Материјално технички потреби за една учебна год.<br><br>Записник од Училишниот одбор -<br>Записник од Советот на родители<br><br>План за материјално технички потреби на училиштето за една година | Планирање и управување со училишниот буџет | Сите информации се споделуваат транспарентно и согласно законските одредби. Буџетот со кој располага училиштето плански се организира согласно Програмата на училиштето и реалните потреби на училиштето.<br>Училиштето на секои три месеци (квартално) доставува извештаи до општината за трошењето на буџетските средства. На почетокот на секоја година училиштето доставува Финасиски план за училишниот буџет, за распределување на финансиските средства. Финансискиот план го одобрува Училишниот одбор и Советот на општината. Буџетот во училиштето се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br>Визија на нашето училиште е тоа да биде пријатна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, бидејќи ќе им нудиме современа настава приспособена на нивните потреби и интереси. Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење, што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. За да ги оствариме овие цели треба да се поработи повеќе на информирање и вклучување на родителите и учениците. Училиштето доволно располага со материјали за работа, опремено е со голем број на нагледни средства и помагала.<br>Од прашалникот за наставници на следново прашање е претставено со графички приказ.<br><br>А од прашлникот за родиели на прашањето: |

| | | |
|---|---|---|
| | | <br><br>За училишниот буџет и за трошоците се информирани Училишниот одбор, Советот на родителите и Советот на локалната самоуправа (Советот на општината) и делумно наставничкиот совет. Информациите за Училишниот буџет им се достапни на родителите преку претставниците од Советот на родители во Училишниот одбор, а Локалната заедница-самоуправа преку јавните седници на Советот на општината.<br>Финансиските средства училиштето ги обезбедува преку годишниот буџет на училиштето од Министерството за образование и наука и Локалната самоуправа застапувајки ги и подрачните училишта, земајки ги предвид материјално-техничките потребни трошоци за една учебна година со соодветен план и програма според приоритетноста од неопходни и основни потреби (дотраеност, поправки, доопремување и сл.) на на централното и на подрачите училишта. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| |
|---|
| **опис/резиме на подрачјето**<br>Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Тој е составен од 7 (седум) членови и тоа: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите односно старателите на учениците, еден претставници од основачот (Град Виница). |

Орган на раководење во училиштето е директорот на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиската работа на училиштето. Него го избира и разрешува Градоначалникот по објавен оглас.

Постои добра соработка меѓу членовите на училишниот одбор и директорот на училиштето. Тие редовно оджуваат состаноци за се договараат за тековните проблеми и прашања врзани со работата на училиштето.

Задачите за управување како и административните задачи се формално дефинирани во Статутот на училиштето и во Законот за основно образование.

Раководниот тим формално треба да има соработка со сите субјекти од кои се делегирани членовите кои го сочинуват, бидејќи тие практично ги претставуваат овие структури и се запознаени со сите состојби во училиштето и пошироко во општествената заедница. Соработката често пати е повеќенасочна и интерактивна, а се однесува на прашања и проблеми врзани со работата на училиштето и пошироко, општествената заедница.

Размената на идеи се врши на повеќе нивоа вклучувајќи ги учениците, родителите, наставниците и претставниците од градот, МОН и деловната заедница, а секако по потреба и други субјекти од интерес, во врска со прашања кои се врзани со работата на училиштето. Вклученоста на учениците е повеќе формална отколку суштинска и на ова треба да се работи во иднина. Учениците преку своите претставници треба да бидат повеќе вклучени во изнесување на свои идеи, предлози и искажување на свои проблеми.

Придонесот на родителите треба да е поголем и тоа не само формален, туку и суштински, преку размена на идеи, презентирање на свои сознанија и искуства во однос на организацијата на работата. Мора да се напомене нивниот слаб интерес за соработка и слаба мотивираност да го посетуваат училиштето за време на закажаните родителски сосотаноци, а уште помалку во другите предвидени термини за посета на раководителот на паралелка или предметните наставници.

Она што е и приоритетна активност на училиштето е подобрување на соработката со родителите низ развивање на повеќе различни форми на соработка.

Разрешувањето на проблеми се остварува со учество на сите управувачки, раководни и стручни тела во училиштето како и соработка со родителите, учениците и структурите од градот, МОН и деловната заедница.

Во училиштето се реализираат повеќе активности од различни области за унапредување на здравјето, подобрување на соработката со родителите, поддршка на учениците, намалување на насилничко однесување, намалување на изостанувањето од настава и сл. Но тие не се развиени на ниво на училишна политика, која подразбира информираност и вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес во работа на некоја тема или идеја, при што сите мотивирано ќе пристапат во релизирање на заеднички активности, креирање на процедури и протоколи за работа.

Постојат релативно прецизни правилници за регулирање на поведението и изрекувањето на педагошки мерки кои најпрецизно се применуваат и даваат добри резултати во однос на дисциплината и радовноста на учениците.

Училиштето се обидува да ги интегрира сите ученици и да им овозможи тие да ги доразвијат сите свои потенцијали, предиспозиции и способности. Во однос на учениците со посебни потреби,училиштето има добра пракса.

Училиштето негува и поттикнува кај учениците билингвализам, што значи се става посебен акцент на изучување на два светски јазика
(германски јазик и англиски јазик) и запознавање на културата и традицијата на тие земји.

Во училиштето постои долгорочно планирање. Изготвена е развојна програма и дефинирани се приоритетни подрачја на промена и планирани активности. Врз основа на ова се подготвуваат и годишните планирања, односно годишната програма за работа на училиштето.

Идни активности: Приоритетни подподрачја кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

| |
|---|
| - поголема вклученост на учениците и родителите во понуди и прифаќање на нивни идеи во насока на подобрување на образовниот процес,<br>- подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет,<br>- структурна реорганизација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди. |
| **Силни страни**<br>✓ наставниците, родителите и учениците се запознаени со начинот на раководење и управување во училиштето;<br>✓ наставниците и родителите во голем процент учествуваат со свои идеи во предлагање на мерки и активности за подобрување на работата и разрешување на проблемите;<br>✓ прецизна и јасна дефинираност на улогите, задачите и одговорностите на вработените;<br>✓ наставниците во голем процент се спремни да им пружат поддршка на учениците;<br>✓ примена на правилник за изрекување на педгошки мерки;<br>✓ изработени и развиени посебни програми и протоколи (надарени ученици, врсничко насилство и сл.); |
| **Слаби страни**<br>✓ недоволна структурна организација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди.<br>✓ Недоволна вклученоста на ученичката заедница во донесување одлуки. |
| **Приоритети**<br>✓ поголема вклученост на учениците и родителите во понуди и прифаќање на нивни идеи во насока на подобрување на образовниот процес,<br>✓ подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет,<br>✓ структурна реорганизација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди. |

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации:
(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашањана анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско на бљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

- ✓ Анкета за родители/старатели
- ✓ Анкета за наставници
- ✓ Анкета за ученици
- ✓ Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба
- ✓ Резиме (главни наоди) од фокус групи
- ✓ Наоди од набљудување часови
- ✓ Наоди од други видови набљудувања

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**Резултати од анкета со наставници**

Во анкетата се опфатени 48 испитаници од 52 наставници без стручната служба. Обработените резултати се прикажани во проценти.

**Прашалник од наставници**






1 ПОДРАЧЈЕ: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ



Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието.

48 responses




Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети.

48 responses



Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието.
48 responses




Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците
48 responses



Во наставата користам различни ресурси за учење и настава .

48 responses




Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.

48 responses




Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
24 (50%)
24 (50%)
0 (0%)
0 (0%)
0 (0%)
0
5
10
15
20
25


На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
26 (54.2%)
22 (45.8%)
0 (0%)
0 (0%)
0 (0%)
0
10
20
30

Кон учениците се однесувам со почитување.
48 responses




Ги разбирам проблемите и потребите на учениците.
48 responses



Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.

48 responses




Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.

48 responses



Успешно соработувам со образовните асистенти.

48 responses




Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати.

48 responses



Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд.
48 responses




На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.
48 responses



Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките.
48 responses




На учениците им давам насоки како поуспешно да учат.
48 responses



Применувам различни начини на оценување на учениците.
48 responses




Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.).
48 responses



Планот за вонnаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците.
48 responses




2 ПОДРАЧЈЕ: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето.
48 responses



Успевам да ги идентификувам надарените ученици.

48 responses




Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети.

48 responses



На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.
48 responses




## 3 ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето.
48 responses




Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување.
48 responses
Целосно се согласувам
18 (37.5%)
Се согласувам
27 (56.3%)
Не се согласувам
0 (0%)
Целосно не се согласувам
0 (0%)
Не знам/ Немам информација
3 (6.3%)
0
10
20
30


Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.
48 responses
Целосно се согласувам
22 (45.8%)
Се согласувам
23 (47.9%)
Не се согласувам
4 (8.3%)
Целосно не се согласувам
0 (0%)
Не знам/ Немам информација
0 (0%)
0
5
10
15
20
25


За време на моите часови има добра работна атмосфера.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
30 (62.5%)
18 (37.5%)
0 (0%)
0 (0%)
0 (0%)
0
10
20
30


Добро соработувам со колегите во училиштето.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
29 (60.4%)
20 (41.7%)
0 (0%)
0 (0%)
0 (0%)
0
10
20
30

Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.

48 responses




Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес.

48 responses



Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.
48 responses




Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес.
48 responses



Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.

48 responses




На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.

48 responses




Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
21 (43.8%)
25 (52.1%)
1 (2.1%)
0 (0%)
1 (2.1%)
0
5
10
15
20
25


Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности.
48 responses
Целосно се согласувам
Се согласувам
Не се согласувам
Целосно не се согласувам
Не знам/ Немам информација
25 (52.1%)
22 (45.8%)
0 (0%)
0 (0%)
1 (2.1%)
0
5
10
15
20
25

Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето.
48 responses




Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес.
48 responses



Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.
48 responses




Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење.алкохол и дрога.
48 responses



Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите.
48 responses




4 ПОДРАЧЈЕ: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки.
48 responses



Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.

48 responses




Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки.

48 responses



Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонаставните активности.

48 responses




Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби.

48 responses



Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие.

48 responses




За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација.

48 responses



Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам.

48 responses




Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.

48 responses






***Ве молиме искористете го просторот подолу за дополнително образложение на прашањата. Исто така, можете да додадете други ваши коментари за  училиштето.* 48 испитаници**

Немам коментар
Отвореноста меѓу сите вклучени во образовниот процес во нашето училиште помага за една пријатна атмосфера за учење .
Немам друго образложение
Задоволна сум од нашето училиште, стручната служба и директорот. Секогаш и во секое време достапни и отворени за секаква соработка.
Се е во најдобар ред со сите тимови вработени и ученици
Има добри услови и коректна работна атмосфера
Немам што да додадам.
Училиштето ни обезбедува одлични услови за работа
немам коментар
Немам друг коментар, опфатени се сите прашања.
се е опфатено, немам дополнителен коментар
---
Чест и задоволство е да се работи во нашето училиште!
Во училиштето има позитивна клима за работа, сите си ги завршуват активностите. Чест и задоволство е да се работи во ова училиште.
Немам што да додадам.
Се е добро
Без коментар
Сè е ок
Немам коментар училиште за пример

Мое мислење е дека некои од родителите си дозволуваат премногу слобода во училиштето во однос на оценувањето , отсуствувањето и оправдувањето на изостаноците на учениците.
Директорот е најзаслужен за условите и напредокот на нашето училиште.Среќна сум што сум дел од ова училиште!
Училиштето работи во согласност со нормативите. Наставниот кадар е почитуван и ценет за својот труд, а учениците учат и се надградуваат во позитивна атмосфера.
Нашето училиште е прекрасно
Труд, резултати, дела се дефиницијата за успех која се крие, кога ќе се спомне името на нашето училиште.
-
Да во училиштето има прекрасна клима за работа.
Во училиштето постои позитивна и поттикнувачка атмосфера за работа и учење.
Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница .
Во училиштето преовладува позитивна клима за работа.
Се од моја страна е точно.
Ми се допаѓа и среќна сум што работам во ова училиште.
Нема што да додадам
...
Нема
Најдоброто и најубавото училиште во нашиот регион.
Немам коментари
Директорот на нашето училиште се издвојува со својата посветеност кон обезбедување на квалитетна образовна средина. Неговото лидерство се манифестира преку транспарентна комуникација, поддршка на наставниците, и континуирана грижа за подобрување на условите за работа и учење. Тој често иницира состаноци каде што се разгледуваат предлози и идеи за напредок, што ги мотивира сите членови на колективот да бидат проактивни и иновативни. Стручните служби во нашето училиште се основен столб на поддршката за учениците и наставниците. Тие секогаш се достапни за консултации, обезбедуваат навремени совети, и нудат решенија кои ги олеснуваат секојдневните предизвици. Посебно се издвојува нивната работа со учениците кои имаат специфични потреби, каде што покажуваат професионалност и емпатија. Соработката со нив е секогаш конструктивна и резултира со подобрување на наставниот процес Училиштето активно работи на подобрување на квалитетот на наставата преку различни обуки, семинари и споделување добри практики меѓу наставниците. Организирањето на часови за меѓусебно набљудување и размена на искуства создава позитивна атмосфера за професионален развој. Дополнително, училиштето постојано инвестира во техничка опрема и ресурси кои го прават наставниот процес подинамичен и поинтересен за учениците. Во училиштето се чувствува силен фокус на индивидуалниот развој на учениците. Наставниците се охрабрени да користат диференцирани пристапи и да го адаптираат наставниот процес според потребите на секој ученик. Стручните тимови редовно организираат активности за подобрување на психолошката и социјалната благосостојба на учениците, што придонесува за нивен целосен напредок. Училиштето успешно го мотивира наставничкиот кадар преку препознавање и вреднување на нивната работа. Редовните пофалби, можностите за стручно усовршување, и организирањето на тимски активности создаваат чувство на припадност и поттик за континуирано надградување. Лидерството на училиштето не само што обезбедува услови за работа, туку и ја поттикнува креативноста и иновативноста кај секој наставник.
Училишната клима е добра
Немам прашања и коментари.
Во училиштето има позитивна работна атмосфера, покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа .
Немам што друго да додадам. Се е одговорено како што треба.

## Резултати од анкета со родители / старатели

Во анкетата се опфатени 91 родители / старатели од вкупно 433 ученици од прво до деветто одд. изберени по принципот - парен број на ученици во дневник. Обработените резултати се прикажани во фреквенции и проценти.

| Подрачје | Тврдење | | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам / немам информации |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | Фреквенција | 78 | 12 | 0 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 86% | 13% | 0% | 1% | 0% |
| 1.2 | Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | Фреквенција | 72 | 18 | 0 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 79% | 20% | 0% | 0% | 1% |
| 1.3 | Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | Фреквенција | 64 | 22 | 1 | 0 | 4 |
| | | Процент % | 70% | 24% | 1% | 0% | 4% |
| 1.4 | Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | Фреквенција | 55 | 34 | 2 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 60% | 37% | 2% | 0% | 0% |
| 1.5 | Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | Фреквенција | 61 | 22 | 2 | 3 | 3 |
| | | Процент % | 67% | 24% | 2% | 3% | 3% |
| 1.6 | На моето дете повеќето часови му се интересни | Фреквенција | 53 | 34 | 4 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 58% | 37% | 4% | 0% | 0% |
| 1.7 | Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | Фреквенција | 39 | 20 | 8 | 5 | 19 |
| | | Процент % | 43% | 22% | 9% | 5% | 21% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.8 | Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | Фреквенција | 61 | 29 | 1 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 67% | 32% | 1% | 0% | 0% |
| 1.9 | Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | Фреквенција | 53 | 36 | 1 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 58% | 40% | 1% | 0% | 1% |
| 1.10 | Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | Фреквенција | 43 | 35 | 6 | 0 | 7 |
| | | Процент % | 47% | 38% | 7% | 0% | 8% |
| 1.11 | Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | Фреквенција | 52 | 38 | 0 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 57% | 42% | 0% | 0% | 1% |
| 1.12 | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | Фреквенција | 52 | 36 | 0 | 0 | 3 |
| | | Процент % | 57% | 40% | 0% | 0% | 3% |
| 1.13 | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | Фреквенција | 57 | 33 | 0 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 63% | 36% | 0% | 0% | 1% |
| 1.14 | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | Фреквенција | 70 | 18 | 2 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 77% | 20% | 2% | 1% | 0% |
| 1.15 | Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | Фреквенција | 67 | 22 | 1 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 74% | 24% | 1% | 1% | 0% |
| 1.16 | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | Фреквенција | 49 | 31 | 6 | 1 | 4 |
| | | Процент % | 54% | 34% | 7% | 1% | 4% |
| 1.17 | | Фреквенција | 47 | 33 | 8 | 0 | 3 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | Процент % | 52% | 36% | 9% | 0% | 3% |
| 1.18 | Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | Фреквенција | 43 | 35 | 3 | 1 | 9 |
| | | Процент % | 47% | 38% | 3% | 1% | 10% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **2.1** | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | Фреквенција | 52 | 32 | 7 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 57,14% | 35,16% | 7,69% | 0 | 0 |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | Фреквенција | 54 | 31 | 6 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 59,34% | 34,07% | 6,59% | 0 | 0 |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | Фреквенција | 74 | 17 | 0 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 81,32% | 18,68% | 0 | 0 | 0 |
| 2.4 | На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа | Фреквенција | 47 | 32 | 6 | 0 | 6 |
| | | Процент % | 51,65% | 35,16% | 6,59% | 0 | 6,59% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **3.1** | Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето | Фреквенција | 62 | 24 | 3 | 1 | 1 |
| | | Процент % | 68,13% | 26,37% | 3,30% | 1,10% | 1,10% |
| 3.2 | | Фреквенција | 37 | 36 | 9 | 1 | 8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување | Процент % | 40,66% | 39,56% | 9,89% | 1,10% | 8,79% |
| 3.3 | Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците | Фреквенција | 71 | 20 | 0 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 78,02% | 21,98% | 0,00% | 0,00% | 0,00% |
| 3.4 | Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците | Фреквенција | 64 | 25 | 0 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 70,33% | 27,47% | 0,00% | 2,20% | 0,00% |
| 3.5 | Моето дете сака да оди на училиште | Фреквенција | 76 | 14 | 0 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 83,52% | 15,38% | 0,00% | 0,00% | 1,10% |
| 3.6 | Училиштето добро се справува со дисциплината | Фреквенција | 55 | 32 | 3 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 60,44% | 35,16% | 3,30% | 0,00% | 1,10% |
| 3.7 | Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето | Фреквенција | 42 | 32 | 8 | 2 | 7 |
| | | Процент % | 46,15% | 35,16% | 8,79% | 2,20% | 7,69% |
| 3.8 | Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици | Фреквенција | 71 | 19 | 1 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 78,02% | 20,88% | 1,10% | 0,00% | 0,00% |
| 3.9 | Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици | Фреквенција | 65 | 22 | 1 | 0 | 3 |
| | | Процент % | 71,43% | 24,18% | 1,10% | 0,00% | 3,30% |
| 3.10 | Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго. | Фреквенција | 67 | 20 | 1 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 73,63% | 21,98% | 1,10% | 1,10% | 2,20% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.11 | Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците | Фреквенција | 47 | 37 | 3 | 1 | 3 |
| | | Процент % | 51,65% | 40,66% | 3,30% | 1,10% | 3,30% |
| 3.12 | Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето | Фреквенција | 38 | 41 | 2 | 3 | 7 |
| | | Процент % | 41,76% | 45,05% | 2,20% | 3,30% | 7,69% |
| 3.13 | Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство | Фреквенција | 40 | 38 | 6 | 1 | 6 |
| | | Процент % | 43,96% | 41,76% | 6,59% | 1,10% | 6,59% |
| 3.14 | Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти | Фреквенција | 35 | 39 | 5 | 1 | 11 |
| | | Процент % | 38,46% | 42,86% | 5,49% | 1,10% | 12,09% |
| 3.15 | Училиштето добро се справува при појава на насилство | Фреквенција | 37 | 36 | 5 | 3 | 10 |
| | | Процент % | 40,66% | 39,56% | 5,49% | 3,30% | 10,99% |
| 3.16 | Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога | Фреквенција | 48 | 30 | 2 | 2 | 9 |
| | | Процент % | 52,75% | 32,97% | 2,20% | 2,20% | 9,89% |
| 3.17 | Хигиената во училиштето е на високо ниво | Фреквенција | 36 | 32 | 16 | 4 | 3 |
| | | Процент % | 39,56% | 35,16% | 17,58% | 4,40% | 3,30% |
| 3.18 | Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете | Фреквенција | 56 | 30 | 1 | 0 | 4 |
| | | Процент % | 61,54% | 32,97% | 1,10% | 0,00% | 4,40% |
| 3.19 | | Фреквенција | 52 | 35 | 3 | 0 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете | Процент % | 57,14% | 38,46% | 3,30% | 0,00% | 1,10% |
| 3.20 | Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците | Фреквенција | 42 | 36 | 5 | 1 | 7 |
| | | Процент % | 46,15% | 39,56% | 5,49% | 1,10% | 7,69% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **4.1** | Училиштето ме потикнува активно да се вклучувам во различни активности во училиштето | Фреквенција | 18 | 12 | 2 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 54.55 | 36.36 | 6.06 | 0 | 3.03 |
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | Фреквенција | 15 | 14 | 3 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 45.45 | 42.42 | 9.09 | 3.03 | 0 |
| 4.3 | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | Фреквенција | 15 | 13 | 2 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 45.45 | 39.39 | 6.06 | 3.03 | 6.06 |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | Фреквенција | 22 | 9 | 2 | 0 | 2 |
| | | Процент % | 66.67 | 27.27 | 6.06 | 0 | 6.06 |
| 4.5 | Наставниот кадар во училштето е квалитетен и компетентен | Фреквенција | 18 | 12 | 2 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 54.54 | 36.36 | 6.06 | 0 | 3.03 |
| 4.6 | Запознаена сум како се троши буџетот на училиштето | Фреквенција | 11 | 6 | 6 | 0 | 10 |
| | | Процент % | 33.33 | 18.18 | 18.18 | 0 | 30.30 |

**Резултати од анкета со ученици**

Во анкетата се опфатени 83 ученјици од четврто до деветто одд. изберени по принципот - непарен број на ученици во дневник. Обработените резултати се прикажани во фреквенции и проценти.

| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1** | На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) | Фреквенција | 56 | 19 | 6 | 1 | 1 |
| | | Процент % | 67,47% | 22,89% | 7,23% | 1,20% | 1,20% |
| 1.2 | Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси. | Фреквенција | 54 | 25 | 2 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 65,06% | 30,12% | 2,41% | 2,41% | 0,00% |
| 1.3 | На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | Фреквенција | 44 | 31 | 7 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 53,01% | 37,35% | 8,43% | 1,20% | 0,00% |
| 1.4 | Наставниците ја прават содржината од предметите интересна. | Фреквенција | 50 | 25 | 6 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 60,24% | 30,12% | 7,23% | 2,41% | 0,00% |
| 1.5 | На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). | Фреквенција | 38 | 25 | 11 | 9 | 0 |
| | | Процент % | 45,78% | 30,12% | 13,25% | 10,84% | 0,00% |
| 1.6 | | Фреквенција | 42 | 26 | 10 | 4 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | Процент % | 50,60% | 31,33% | 12,05% | 4,82% | 1,20% |
| 1.7 | Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти | Фреквенција | 46 | 25 | 7 | 5 | 0 |
| | | Процент % | 55,42% | 30,12% | 8,43% | 6,02% | 0,00% |
| 1.8 | Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | Фреквенција | 66 | 12 | 3 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 79,52% | 14,46% | 3,61% | 2,41% | 0,00% |
| 1.9 | Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | Фреквенција | 56 | 26 | 1 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 67,47% | 31,33% | 1,20% | 0,00% | 0,00% |
| 1.10 | Оценувањето на сите ученици е праведно. | Фреквенција | 48 | 18 | 10 | 8 | 0 |
| | | Процент % | 57,83% | 21,69% | 12,05% | 9,64% | 0,00% |
| 1.11 | Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | Фреквенција | 54 | 19 | 7 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 65,06% | 22,89% | 8,43% | 0,00% | 1,20% |
| 1.12 | Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). | Фреквенција | 63 | 18 | 2 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 75,90% | 21,69% | 2,41% | 2,41% | 0,00% |
| 1.13 | Наставниците ме пофалуваат за мојот труд | Фреквенција | 47 | 26 | 5 | 3 | 2 |
| | | Процент % | 56,63% | 31,33% | 6,02% | 3,61% | 2,41% |
| 1.14 | Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | Фреквенција | 48 | 22 | 10 | 2 | 1 |
| | | Процент % | 57,83% | 26,51% | 12,05% | 2,41% | 1,20% |
| 1.15 | | Фреквенција | 60 | 18 | 5 | 0 | 0 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | Процент % | 72,29% | 21,69% | 6,02% | 0,00% | 0,00% |
| 1.16 | На часовите можам слободно да кажам што мислам | Фреквенција | 46 | 21 | 11 | 3 | 2 |
| | | Процент % | 55,42% | 25,30% | 13,25% | 3,61% | 2,41% |
| 1.17 | Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | Фреквенција | 45 | 31 | 4 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 54,22% | 37,35% | 4,82% | 1,20% | 2,41% |
| 1.18 | Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | Фреквенција | 43 | 32 | 5 | 2 | 1 |
| | | Процент % | 47,25% | 35,16% | 5,49% | 2,20% | 1,10% |
| 1.19 | Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. | Фреквенција | 34 | 33 | 12 | 4 | 0 |
| | | Процент % | 40,96% | 39,76% | 14,46% | 4,82% | 0,00% |
| 1.20 | Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) | Фреквенција | 35 | 29 | 9 | 7 | 3 |
| | | Процент % | 42,17% | 34,94% | 10,84% | 8,43% | 3,61% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **2.1** | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | Фреквенција | 58 | 23 | 2 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 69.88 | 27.71 | 2.41 | 0 | 0 |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. | Фреквенција | 52 | 24 | 7 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 62,65% | 28,92% | 8,43% | 0 | 0 |
| 2.3 | | Фреквенција | 51 | 22 | 6 | 3 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | Процент % | 61,45% | 26,51% | 7,23% | 3,61% | 1,20% |
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | Фреквенција | 60 | 20 | 2 | 0 | 1 |
| | | Процент % | 72,29% | 24,1% | 2,41% | 0 | 1,20% |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | Фреквенција | 41 | 28 | 8 | 3 | 3 |
| | | Процент % | 49,4% | 33,73% | 9,64% | 3,61% | 3,61% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **3.1** | Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно. | Фреквенција | 47 | 24 | 8 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 56,63% | 28,92% | 9,64% | 2,41% | 0,00% |
| 3.2 | Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици. | Фреквенција | 53 | 20 | 4 | 2 | 2 |
| | | Процент % | 63,86% | 24,10% | 4,82% | 2,41% | 2,41% |
| 3.3 | Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците | Фреквенција | 57 | 19 | 3 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 68,67% | 22,89% | 3,61% | 2,41% | 0,00% |
| 3.4 | Сакам да одам на училиште | Фреквенција | 45 | 16 | 6 | 10 | 4 |
| | | Процент % | 54,22% | 19,28% | 7,23% | 12,05% | 4,82% |
| 3.5 | Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми | Фреквенција | 43 | 26 | 9 | 3 | 1 |
| | | Процент % | 51,81% | 31,33% | 10,84% | 3,61% | 1,20% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.6 | Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитувме | Фреквенција | 37 | 30 | 12 | 1 | 1 |
| | | Процент % | 44,58% | 36,14% | 14,46% | 1,20% | 1,20% |
| 3.7 | Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. | Фреквенција | 48 | 24 | 8 | 1 | 0 |
| | | Процент % | 57,83% | 28,92% | 9,64% | 1,20% | 0,00% |
| 3.8 | Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици | Фреквенција | 49 | 17 | 10 | 4 | 0 |
| | | Процент % | 59,04% | 20,48% | 12,05% | 4,82% | 0,00% |
| 3.9 | Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици | Фреквенција | 56 | 23 | 4 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 67,47% | 27,71% | 4,82% | 0,00% | 0,00% |
| 3.10 | Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици | Фреквенција | 61 | 17 | 4 | 0 | 0 |
| | | Процент % | 73,49% | 20,48% | 4,82% | 0,00% | 0,00% |
| 3.11 | Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето. | Фреквенција | 44 | 29 | 6 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 53,01% | 34,94% | 7,23% | 1,20% | 2,41% |
| 3.12 | Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права | Фреквенција | 48 | 28 | 1 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 57,83% | 33,73% | 1,20% | 1,20% | 2,41% |
| 3.13 | Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник | Фреквенција | 61 | 17 | 0 | 1 | 2 |
| | | Процент % | 73,49% | 20,48% | 0,00% | 1,20% | 2,41% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.14 | Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето | Фреквенција | 50 | 19 | 7 | 3 | 2 |
| | | Процент % | 60,24% | 22,89% | 8,43% | 3,61% | 2,41% |
| 3.15 | Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем | Фреквенција | 43 | 30 | 8 | 2 | 0 |
| | | Процент % | 51,81% | 36,14% | 9,64% | 2,41% | 0,00% |
| 3.16 | Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето | Фреквенција | 59 | 19 | 2 | 2 | 1 |
| | | Процент % | 71,08% | 22,89% | 2,41% | 2,41% | 1,20% |
| 3.17 | Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство | Фреквенција | 50 | 20 | 9 | 3 | 5 |
| | | Процент % | 60,24% | 24,10% | 10,84% | 3,61% | 6,02% |
| 3.18 | Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. | Фреквенција | 21 | 31 | 18 | 7 | 3 |
| | | Процент % | 25,30% | 37,35% | 21,69% | 8,43% | 3,61% |
| 3.19 | Училиштето е чисто и уредно | Фреквенција | 26 | 29 | 19 | 4 | 5 |
| | | Процент % | 31,33% | 34,94% | 22,89% | 4,82% | 6,02% |
| **Подрачје** | **Тврдење** | | **Целосно се согласувам** | **Се согласувам** | **Не се согласувам** | **Целосно не се согласувам** | **Не знам / немам информации** |
| **4.1** | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период | Фреквенција | 11 | 15 | 6 | 5 | 4 |
| | | Процент % | 26.83 | 36,57 | 14,63 | 12,2 | 9,76 |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време | Фреквенција | 28 | 4 | 4 | 2 | 3 |
| | | Процент % | 68,29 | 9,76 | 7,76 | 4,88 | 7,32 |
| 4.3 | | Фреквенција | 15 | 17 | 4 | 4 | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Библиотека е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера | Процент % | 36,59 | 41,46 | 7,76 | 7,76 | 2.44 |

## Прашалник од интервју со стручни соработници и директор

Подрачје 1

1.7. Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

a. Како училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?

*Обуки официјално се обезбедуваат преку БРО. Секој наставник или стручен соработник може дополнително да посетува обука доколку во својот личен професионален план така одредил.*

b. Дали има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?

*Да, во зависност од обуката и насоката за вршење дисеминација.*

1.8. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?

*a.* Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)

*Секој наставник планирањата ги подготвува индивидуално а понекогаш по активи(обично во одделенска настава), Некои планирања за слободни изборни предмети по новата Концепција се превземат од страната на БРО или од други училишта.*

*b.* Кој ги следи планирањата? Колку често?

*Годишните и тематските ги следи педагогот на почетокот на годината и прави анализа за нивната содржина со препораки за корекции доколку е потребно. Дневните планирања ги следат педагогот и психологот при посета на часови.*

*c.* Како се дава поддршка за подобрување?

*Препораки од БРО и препораки и коментари од педагогот на Наставни Совет и при индивидуални разговори и консултации со наставниците.*

*d.* Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?

*Се изготвуваат квалитетни планирања кои ги содржат потребните елементи и се функционални со можност за измени и прилагодувања по потреба во текот на годината.*

1.9. Како училиштето се одвива наставата во случај  на отсуство на наставник?

*Во случај на отсуство на наставник, стручната служба изработува соодветен привремен распоред за непречено изведување на часовите на учениците, често, доколку е потребно во одредени паралелки се реализираат работилници од страна на стручната служба.*

1.10. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?

*Процесот за понудување и избор на СИА и СИП е законски одреден преку Правилник и истиот се реализира на тој начин. Од 4-7 одд. учениците добиваат анонимен општ анкетен прашалник со кој се проверува заинтересираноста на учениците по подрачја и потоа преку анкетен лист им се нудат предмети чии програми веќе се усвоени од БРО. Од 4-9 одд. на учениците им се нудат повеќе изборни предмети а најмалку 3 , од кои учениците бираат 1. Учениците имаат можност да посетуваат слободни/ изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес.*

1.11. Како вообичаено се одвиваат наставните часови?

a. Согласно информациите кои ги имате од следење на часовите, колку сметате дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците? На кој начин го прават тоа? Колку разлики има помеѓу наставниците?

*Учениците со посебни образовни потреби имаат можност за ИОП (индивидуален образовен план) кој наставниците се должни да го изработуваат. За останатите ученици, одредени наставници знаат да изработуваат задачи во одредени прилики кои ќе покриваат три категории, или се дава екстра задача за понапредни ученици, или поедноставна задача за ученици со потешкотии. Сепак, индивидуалните образовни потреби не се анализираат за да може да се пристапи кон индивидуализиран пристап на секој час и по секој предмет.*

b. Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?

*Наставни нагледни средства кои се обезбедени од училиштето, изработени од наставници, Смарт табли, ТВ монитори, лаптопи, се користат наставни ливчиња, флеш карти, графикони, како и технички помагала LCD проектор, DVD плеер, CD плеер, компјутер и сл.*

c. Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?

*Поголем дел од наставниците 40 до 50% во наставата користат метод на усно излагање, но исто така се почесто наоѓа примена и метод на разговор, поретко дискусија, метод на илустративно-демонстративна работа, учење преку игра, а мал дел наставници 20 до 30% применуват искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување.*

Најзастапени методи

| | |
|---|---|
| 25. Метод на игра - 9 наставника | 26. говорен метод -50 |
| 27. метод на покажување - 15 | 28. илустративен метод - 8 |
| 29. метод на пишување, цртање-8 | 30. метод на работа со текст - 26 |
| 31. Дискусија - 15 | 32. метод на истражување - 4 |
| 33. Метод на презентација -18 | 34. метод на практична работа - 11 |

| | |
|---|---|
| 35. аудио – визуелен метод 11 | 36. демонстративен -/ предавање -6 |

d. Колку од наставниците од вашето училиште обезбедуваат еднакви можности за вклучување на на сите ученици за време на наставните часови? Какви методи и техники користат наставниците во работата со учениците со ПОП?

*Скоро 90% од наставниците обезбедуваат еднакви можности и настојуват да ги вклучат и ангажитаат сите ученици за време на наставните часови.*

e. Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?

*За организирање на дополнителната и додатната настава во училиштето се изготвува распоред на месечно ниво а наставниците се задолжени редовно и на време да ги информираат учениците и родителите за термините.*

1.12. Како ја проценувате образовната инклузија во училиштето?

*a.* Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици? Како функционираат? Со кои предизвици се соочуваат?

*Има формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици. Истите функционират.Инклузивното образование само по себе не ги дава очекуваните резултати и покрај силно вложениот труд.*

b. Како се одвива процесот на изготвување, примена и следење на индивидуалните образовни планови?

*За изготвување на индивидуален образовен план за ученик со ПОП се формира инклузивен тим на ученик кој првенствено одржува состанок во врска со изработката на ИОП,се разгледуваат можностите,потребите, се поставуваат цели,стратегии,се ангажираат наставници кои предаваат на ученикот а за чии предмети се одлучило да се изготви ИОП во соработка со дефектологот и останатите членови во ИТУ. Откако ќе се изготви ИОП секој од наставниците ја спроведува наставата со ученикот со ПОП според дадените цели претходно поставени во ИОП. Се прави ревизија на полугодие и доколку има потреба целите или се намалуваат или зголемуваат.*

c. Каква е соработката со надлежниот ресурсен центар? Со образовните асистенти?

*До сега постои солидна соработка и со ресурсниот центар и со образовните асистенти кои до сега се вклучени во образовниот процес во нашето училиште.*

1.13. Како ја проценувате меѓуетничката интеграција во училиштето?

a. Дали имате формиран Тим за училишна интеграција (ТУИ)? Како функционира? Со кои предизвици се соочува?

*Да, има формирано тим во училиштето. Тимот има изготвено програма со свои активности и се реализираат истите согласно временската рамка. Се поттикнува желба да се направи, да се постигне меѓусебно почитување, поддржување, соработка, помагање помеѓу учениците во училиштето и надвор од училиштето без разлика на пол, националност и вероисповед. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно.*

*Извор: Годишна програма и извештај на училиштето.*

b. Какви (наставни/вонннаставни) активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години? Како ја проценувате нивната ефективност?

*Активностите кои беа реализирани се со содржини од тематски работилници од Образование за животни вештини (ОЖВ), (Познавање на базичните човекови права, Почитување на другите, Меѓусебно поддржување и соработка, Градење позитивен однос кон*

*своjата земја, Донесување на одлуки во група, Споредување на азбуките на двата јазика, Изработка на слики, цртежи, за отсликување на мултиетничко општество и слично.*

- *Наставниците во годишното планирање имаат прилагодено наставни содржини за МИО.*
- *Изминатите две години се реализирани посета на верски објекти (црква и џамија),*
- *Ликовен конкурс на тема: „Еден свет за сите“. Учество зедоа учениците од I до V одделение а се наградени 5 ученика, по еден од одделение.*
- *Реализација на работилниците од програмата за образование за животни вештини во текот на годината при што се реализирани во сите одделенија;*
- *Мултикултурни работилници реализирани од VI до IX одделение;*
- *Спроведување на активности од Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на општинск Виница.*
- *Група од 5 ученици од 8 одделение учествуваа во Вебинари за младински активизам.*
- *Младинска работилница за мапирање на приоритети / Младинска акција во СОУ„Ванчо Прке“- Виница.*
- *Денови на интеркултура (ликовни настани, музички настани, поетски читања, хуманитарни акции, спортски турнири, креативни работилници)*
- *Од реализираните активности имаше позитивни ефекти. Целта е учениците од различни етнички заедници да соработуваат, да се дружат, да се почитуваат, да си помагаат.*

c. Колку во спроведените активности соработувате со Комисијата за МИО при локалната самоуправа (доколку ваква комисија е формирана во општината)?

d. (доколку наставата се спроведува на два или повеќе наставни јазици) Како ги спроведу

*Наставата во училиштето се изведува на еден наставен јазик т.е. македонски јазик.*

1.14. Како вообичаено оценуваат наставниците?

*a.* Какви критериуми за оценување користат? Како ги развиваат?

*Користат критериуми и стандарди донесени од БРО и дадени стандарди во Наставните програма со мал исклучок но сепак критериумите се паднати на пониско ниво.*

Какви методи, форми и инструменти за оценување се користат? Како се развиваат и унапредуваат?

*При оценување на постигањата на учениците и проверка на остварување на целите најчесто како методи се користат усни одговори на учениците, практична изведва, анализа на одговори од н.ливчиња и презентаци, а како инструменти најчесто се применувани чек*

*листи, скала за процена, ЗСН табела, листа за вреднување со дадени критериуми за меѓусебно проверување, мал дел од наставниците 10 до 15 применуват холистичка бодовна листа, а многу мал дел и аналитичка листа. Кај дел од наставниците наместо опис на инструмент во дневно планирање е запишано Усна и писмена повратна информација УПИ/ППИ кое нешто е начин на информирање но не и инструмент за вреднување.*

b. Колку од наставниците применуваат формативно оценување?
*Околу 45 до 50 %*

c. На кои начини родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување?
*На родителски средби*

d. Како информациите од оценувањето се користат во наставата?
*За подобрување на квалитетот на настават (пеимена на современи техники и активни методи) за подобрување на квалитет на оценување.*

1.15. Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?

a. Колку од учениците се вклучени во воннаставните активности?
*Најголем дел од учениците и сите кои пројават интерес во некоја област без разлика успех и етничка припадност*

b. Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА?
*Мал дел*

1.16. Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари?

*И на ниво на училиште, и секој одговорен предметен наставник добива информација преку здруженијата дека ќе се реализира одреден натпревар. Потоа информацијата се споделува со сите засегнати одделенија кои се опфатени со натпреварот. Предметните наставници ги информираат учениците и одлучуваат дали и кои ученици ќе пријават за натпревар. Информацијата се споделува со стручните соработници од Тимот за надарени ученици кои водат евиденција за пријавени ученици за натпревари. Притоа доколку еден ученик е пријавен за повеќе од два или три натпревари (предмети), се проверуваат интересите и способностите на ученикот за кои од предметите е најсоодветен да се пријави. Така се дава можност на повеќе ученици да се докажат во кои предмети најдобро се пронаоѓаат и се способни да го претстават училиштето.*

## Подрачје 2

2.1 Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

*Да, сите податоци се прибираат според полот, етнчката припадност и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и истите може да се најдат во извештаите за работата на училиштето.*

a. Што покажуваат податоците?
*Анализите се дадени во Извештаите за работа.*

b. Како постапувате по наодите? Што се презема за подобрување на евентуалните недостатоци (на пр. ниски постигања по одпределни предмети).

*Во однос на учениците, доколку има 3 и повеќе слаби одреден ученик се пријавува за советување на родител и ученик. Психологот ја спроведува програмата за советување, при советување со ученик се работи на подобрување на училиштниот успех. Што се однесува до ниски постигања по определени предмети, преку посета на часот од страна на педагогот и психологот се забележуваат причините поради кои тоа е така, се даваат препораки и совети доколку некаде е потребно за понатамошни промени. Исто така во однос на оценувањето може да се констатира дека се греши некогаш и преку високи критериуми и преку премногу спуштени критериуми за оценување. Доколку дополнителна настава не е реализирана каде е потребна, се напоменува дека е потребно да се реализира редовно.*

2.2. Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања, колку сте задоволни резултатите? (доколку постигањата на ниво на училиште се ниски), Што планирате да преземете?

*Училиштето било вклучено во повеќе меѓународни и државни тестирања, но повратна информација немаме. Во последно време директно не се праќа во училиштето ниту за општо добиените резултати на ниво на држава, иако може да се најдат на интернет. Сепак на ниво на училиште последните 10 години немаме добиено никакви повратни информации од резултати.*

2.3. Кои се прецедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост? Каква подршка добиваат учениците за подобрување на постигањата?

*Доколку кај некој ученик се забележи некаква потешкотија во процесот на учење одделенските раководители или предметните наставници ја известуваат стручната служба составена од 4 члена и тоа Педагог, Психолог, Дефектолог и Социјален работник кои потоа во зависност од потребата и проблематиката прават проценки преку примена на различни тестови за проценка,разговори и слично. Доколку се работи за ученици со ПОП,со истите работи дефектолог преку индивидуални часови. За тие ученици се изготвува ИОП или модифицирана програма и ученикот ја следи наставата според таа програма. Идентификувањето се врши и преку тимовите: Инклузивен тим на ниво на училиште и преку Тимот за надарени и талентирани ученици. Психологот по препорака на одд.раководител или при забележување преку посета на час, идентификува ученик кој се тестира со одредени тестови како РПМ во боја или ДАТ А за понатаму да се констатира во кој степен е нешто изразено и како да се продолжи со работа.*

2.4. Колку сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни?

*Редовноста кај учениците е еден од поголемите проблеми во училиштето. За истото може потемелно да се провери во извештаите од училиштето. Таму ги има податоците по одделенија, по пол и националност кои ученици се најнередовни. Она што најмногу се забележува е дека учениците Роми генерално имаат проблем со нередовноста.*

*Доколку ученик е нередовен уште од почетокот на годината, одд.раководител праќа покана за разговор или телефонски разговара со родителот. Исто така според Закон е определено дека после 5 дена доколку не се појави ученикот, а родителот не може да се најде, тогаш е предвидена посета во домот. За истите ученици со 10 и повеќе неоправдани или над 100 оправдани изостаноци се праќаат покани за советување. За советувањето е образложено во наредното прашање.*

2.5. Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги процениле ефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето?

*Советувањето на родители и ученици се спроведува по Програма за советување, Месечен план, и неделно планирање. Месечниот план е истакнат на огласна табла, по кој одд. раководители и психологот може да праќаат покани за советување по три основи: редовност, успех и однесување. Во нашето училиште најмногу покани се праќаат за нередовност, или после првите оцени, најчесто за истите ученици се праќа и за намален успех (три и повеќе слаби оцени). Многу поретко се праќаат покани за несоодветно однесување. Советувањата ги врши психологот, и секој месец еднаш до два пати се реализира советување со родители на избрани теми. Потоа се реализира и советувања на ученици индивидуално и во групи.*

*Во училиштето има три до четири семејства кои скоро воопшто не ги праќаат своите деца на училиште (кои се повеќебројни) и ова е најголемиот проблем со кој се соочуваме. Бидејќи скоро никогаш овие родители не се појавуваат на советување, истите по Закон се препраќаат на советување до ДПИ (Државен просветен инспекторат), односно и до ЦСР (Центар за социјална работа). Кај ученици кои поретко се случува да ги исполнат условите за пријава за советување, ефектите се подобри. И нивните родители најчесто доаѓаат на советување и учениците подобро соработуваат со психологот и ефективно се спроведуваат мерки за подобрување на состојбата, без разлика која била причината за советување.*

## Подрачје 3

3.1. По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?

b. Како ги промовирате постигањата?

*Основното училиште во текот на учебната 2023/24 година со цел да го промовира училиштето за организираните и реализираните активности соработуваше со локални медиуми: телевизиски и пишани медиуми.*
*Реализирани активности за медиумско промовирање на училиштето.*

- *Соработка со локални гласила;*
- *Редовно објавување вести и настани на Фејсбук профилот на Училиште Славчо Стојменски, Фејсбук профил на група на ОУ „Славчо Стојменски“ и на Веб страна на училиштето.*
- *Изработка на Флаери за промоција на училиштето*

*Пишани материјали наменети за родителите на почетокот на учебната година (Брошура за училиштето, за советување и сл)*
*Имаме училиштен весник што се издава еден до два број за една учебна година, под менторство на наставник по македонски јазик преку кој исто така имаме промоција на училиштето.*

c. Со какви воннаставни активности се афирмирате?

*Во училиштето се реализираат разновидни секции главно да ги задоволат потребите т.е. интересите на учениците и да обезбедат промовирање на училиштето (на пр., преку приредби,манифестации и натпревари).*
*Во училиштето имаме 6 секции во одделенска и 17 во предметна настава*
*кои се посетуват од учениците според нивните интереси и способности. Секциите се посетуваат еднаш неделно по изготвен распоред за одржување*

3.2. Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?

a. Кој сè учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?

b. Колку различните чинители се придржуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување?

*(Кодексот на однесување на училиштето е донесен во 2016 год. и неговата содржина беше ажурирана за време на пандемијата Ковид-19, кога беа вметнати насоки за однесување на учениците, наставниците и на родителите за време на пандемија.*
*Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на најголем дел од наставнциите, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Во изработката на кодексот учествувале најголем број од наставниците во училиштето и мал број од анкетираните родители.*
*Училиштето врши редовно ажурирање на содржината на кодексот на однесување, кој ги вклучува сите засегнати страни.)*

3.3. Како би ја опишале генералната клима во училиштето?

a. Како ја проценувата соработката помеѓу кадарот?

b. Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по истите?

c. Колку средината е поттикнувачка за учениците?
d. Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?

*(Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал, но постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Се соработува и на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес. Во училиштето не постои говор на омраза, провокации и навреди. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење, наставниците ги поттикнуваат и мотивираат учениците за да се вклучуваат и во воннаставните активности и сл. Работната дисциплина за време на часовите и надвор од часовите задоволува, постои работна атмосфера)*

3.5. Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?

*Според Законот, ученички парламент и ученик правобранител се изгласани во првите два месеца од учебната година според однапред утврдени правила. Истите имаат своја програма за работа по која треба да реализираат одредени активности.*

d. Какви активности спроведуваат?

*Активностите на кои почесто се насочуваат се хуманитарни настани и воннаставни интересни активности. Она на што помалку внимание се посветува се врсничката едукација, дебатирање, ученички иницијативи во однос на учење и подучување и достапност за другите ученици да ги споделат своите проблеми со врсници. Во однос на ова, секогаш иницијативата доаѓа од страна на стручните соработници како поттикнувачи за реализација.*

e. Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?

*На состанок на ученичкиот парламент се изгласуваат ученици претставници за трите тела Училиштен одбор, Наставнички совет и Совет на родители.*

f. Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми?

*Немаме доставено податоци за тоа од Ученикот правобранител.*

3.6. Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?

*Соработката со родителите постои на неколку нивоа, од присуство на родителски, учество во Совет на родители, повикување на едукации и сл. Во училиштето постои Тим за соработка со родители кој одржува состаноци, има своја програма за работа и активно ги вклучува родителите во училиштниот живот.*

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.

*Во извештаите од училиштето целосно се наведени сите активности кои ги реализира Тимот за соработка со родителите.*

b. Примери на подджани иницијативи на родителите.

*На состаноците*

3.7. Како училиштето соработува со заедницата?

*Во рамките на ова подрачје училиштето организира и реализира активности од посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни, забавни, спотски манифестации. Училиштето има добра соработка со општина Виница, Дом на култура, Библиотека, Здавствен дом, Полициска станица,Општински противпожарен сојуз,ЦСР, КРотари клубови,Здруженија, биснис секторот, и др.*

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.

*На јавен повик од Општина Виница каде за активноста „Општински волонтерски акции“ нашето училиште аплицираше со четири проекти и истите беа одобрени, Со Дом на култура посета на културни настани (театарски претстави, музички збиднувања, изложби), со Библиотека учество на натпревари, литературни читања, конкурси,со Здружение на пензионери Виница изведба на музучки точки, здруженија, Здавствен дом -одржани предавања од областа на здравствена заштита, систематски прегледи, стоматолошки прегледи,*

*Полициска станица за поголема безбедност во училиштата, со предавања безбедност во сообраќајот на учениците, Здруженија со хуманитарни акции, реализација на проекти за подобрување на условите за учење и работа, ...*

**Подетално за сите активности во Извештаите за работа на училиштето**

3.8. Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите?

*Секоја година има најмалку една работилница која ги опфаќа овие теми. Секоја година има врсничка едукација од страна на волонтери од Црвен крст на оваа тема. Исто така понекогаш е ангажирано медицинско лице или родител со соодветна професија, како и покривање на темата преку едукација извршена од страна на наставник по биологија или стручните соработници во училиштето. Ефектите од ваков тип на превенција имаат за цел подобро информирање/ едуцирање, кое понекогаш е неопходно за заштита, или дури и за спречување на веќе почната навика. Сепак, надвор од училиштето не можеме да ги процениме ефектите.*

3.9. Што презема училиштето

за (1) запознавање и почитување на правата на децата?

*Запознавањето на учениците со нивните права и почитување на правата и обврските, е процес кој се одвива во текот на целото школување на ученикот. Почнувајќи од прво до деветто одделение, одделенските раководители и стручните соработници целосно ја покриваат темата преку работилници и активности.Учество во разни проекти а последните години и спроведени активности преку програмата за мировно образование.*

За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици?

*Со запознавањето на учениците секако се ангажирани сите вработени во училиштето, а со самото тоа се врши и промовирање и еднаков третман кон сите ученици.*

За (3) превенција и заштита од насилство?

*Во превентивната програма од насилство се вклучени работилници од страна на стручната служба. Претходните години како дел од проект со Мегаши беа реализирани анкетирање на учениците, вклучување на наставници и родители во едукација. На ниво на училиште има низа мерки кои се целосно образложени во Програмата за превенција и заштита од насилство која е дел од Годишната програма за работа на училиштето. (Извор), исто така во извештаите може да се види кои од овие активности се реализираат и кога.*

Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство)

*Ефекти секогаш има од било кои активности. Тоа не значи дека сите видови на насилство кои се појавуваат веднаш ќе завршат. Идејата преку превенцијата е освестување за насилството, соочување со последиците, развивање емпатија, реституција... За прашањето дали се намалуваат поплаките, не значи дека ако нема поплаки нема насилство. Да се осмели некој да пријави насилство е првиот чекор. Подобро е да има поплаки, за да може и да се решаваат проблемите. Сепак одредени родители знаат да сервираат поплака дека нивното дете е жртва на насилство и по спроведени разговори да се заклучи дека насилничкото однесување започнало со нивното дете. Затоа е битно да се работи на тоа, а мерилата дека дискриминацијата, стигматизирањето или*

3.10. Што презема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства?

*Во училиштето, се организираат два пати во текот на годината хуманитарни акции во септември (се донираше училишен прибор), во октомври (храна, облека и обувки) Во соработка со ОО Црвен крст Виница се обезбедуват средства преку собирна акција со одбележување 17 октомври Светски ден на борба против сиромаштијата за учениците и вработените а собраните средства се користат за 10 до 13 учениците да се хранат еден месец бесплатно. Исто така во месец април се одбележува Светскиот ден на солидарноста, се реализира солидарна акција а средставата се наменети за ученици за ученици од III,VI и IX одделение . Исто така во соработка со туристичките агенции се обезбедува дополнително попуст или гратис екскурзија за учениците од социјално загрозените семејствакако и гратиси или попусти за посети на театарски претстави, кина, и др.*

3.11. Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?

*Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците кои поради здравствени причини т.е потешкотии подолго време отсуствуваат од редовната настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со одделенскиот раководител и родителот или или со печатени материјали.*

3.12. Колку учениците се обраќаат до стручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.? Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.

*Одредени ученици бараат разговор со психолог за прашања кои ги загрижуваат и имаат потреба од индивидуална работа која понекогаш не е можно да се раелизира поради зафатеност на просториите. Справувањето со емоциите и најчесто со развојни и животни промени и предизвици, стрес поради училиштни постигнувања, жртви на булинг се причините поради кои се обраќаат за разговори. Исто така, освен индивидуални разговори, психологот одржува и работилници и групна работа со ученици, најчесто се пријавуваат адолесцентни девојчиња за истите. Според програмата за Ментално здравје, реализирани се голем број на работилници од стручните соработници по паралелки, а се спроведуваат работилници со активности за социоемоционално учење и справување со негативни чувства, разрешување конфликти и слично.*

3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?

*Стручната служба во училиштето секоја година работи  на професионалната ориентација на учениците од деветто одделение со цел да им се помогне при одлуката каде да го продолжат школувањето и да се насочат кон професиите кои најмногу би им одговарале на нивните психофизички способности. Како активност се реализира преку работилници, прашалници и анкети.  Психологот врши тестирање за апстракнтно разбирање преку ДАТ А, и Прашалници за професионални интереси и способности, и секој ученик потоа добива повратна информација во писмена форма. Редовно имаме посета и презентации на неколку средни училишта, како и посета на СОУ „Ванчо Прќе“ – Виница.*

## Подрачје 4

4.1. Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?

( *Од Статутот на училиштето произлегуваат надлежностите на органите за управување и раководење. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.*

*Училишниот одбор во нашето училиште го сочинуваат 7 члена и тоа:*

*-1 претставник од основачот,*

*-3 претставници одродителите и*

*- 3 претставника од наставниците.*

*Решенијата на членовите на УО се доставени во регистарот наменет за УО.*

*Училишниот одбор редовно свикува состаноци предвидени со програмата но понекогаш и дополнително по интерна потреба во училиштето. Членовите на училишниот одбор за состаноците се известуваат писмено со покани или по електронски пат најмалку два дена пред одржување на состаноците. Присутноста на членовите е доставена во регистарот за УО. На состаноците се води записник со однапред одреден записничар. Записниците во записничката книга се заверуваат.Одлуките што се донесуваат на состаноците се уредно доставени во регистарот и заверени.*

*Според програмата за работа на Училишниот одбор се разгледува:*

*Годишната програма за работа на училиштето, успехот и поведението на учениците,  се состанува при разгледување на приговори и жалби од страна на вработените и учениците. УО информира за проекти кои се реализираат преку МОН,БРО и УСАИД и други институции и организации. Предлага финансиски план за користење средства во училиштето за тековната година. Се состанува и*

*дава свое мислење по објавени огласи за прием на наставници, директор и друг кадар во училиштето. Донесува одлуки за годишен попис на постојните средства, побарувања, обврски и сл.*
*Во училиштето постои добра соработка помеѓу управувањето, раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуки. Училишниот одбор е транспарентен во својата работа и за сите одлуки кои се носат на состаноците членовите на училишниот одбор одлучуваат независно еден од друг.*

4.2. Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?

a. Кој учествува при развојното планирање? (наставници, родители, ученици, локална заедница)
b. Каква е соработката помеѓу различните чинители?

*(Раководниот орган – на училиштето е директорот кој е обврзан според ЗОО да има годишна програма за неговата работа која влегува и во склоп на годишната програма за работа на училиштето.Работата на директорот е пред се насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите предвидени со програмата. Раководниот орган редовно одржува состаноци во текот на учебната година преку Наставнички совет, Совет на одделенски и предметни наставници, со стручните активи на училиштето како и со Советот на родители. Ја следи работата на вработените во училиштето.*
*Како орган на раководење успешно ги согледува, ги координира и ги обединува сите активности и потреби на сите вработени во училиштето. Раководниот орган постојано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и има способност да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето, ги подобрува условите за работа со изведување на градежни работи и во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците како и подобрувањето на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува соработка со градоначалникот, локалната заедница, невладиниот сектор, со другите основни и средни училишта и ред други институции.*
*Раководниот орган – директорот секогаш ги реализира одлуките на училишниот одбор).*
*(При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците,стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници.Соработката на сите овие чинители задоволува .*
*Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот е донесен за период 3 - 5 години. Подрачја на промени и приоритети се: организација и реализација на наставата, училишниот менаџмент, училишната култура, училишната клима, усовршување и професионален развој на наставниците, комуницирање и односи со јавноста. Цели на училиштето се: надминување на традиционалната настава и заменување со современа активна настава, обезбедување на навремена и потполна информираност на учениците, родителите и наставниците,Обезбедување взаемно почитување и доверба, обучување на наставниците за користење современи наставни методи, унапредување на формите на соработка со родителите.*
*Планирањето за тековната година се прави по претходна анализа на наставниот процес и со анализа на резултатите од претходната учебна година.*
*Се спроведуваат и анкети меѓу наставниците за да се констатираат добрите и лошите страни на работењето,се врши интервјуирање и анкетирање на родителите и наставниците. Исто така се прави и анализа на извештаите за одржани родителски средби, се разгледува извештајот за активноста на родителите. За оваа учебна година како најактуелни и најприфатливи приоритети се:*
*-усовршување и професионален развој на наставниците;*
*-примена на интерактивна настава -промовирање на училиштето на разни полиња со цел на подобрување на училишната политика)*

4.3. Колку ефективно, според Вас, се користат ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа)? Со какви предизвици се справувате и како ги надминувате?

*Како 4 стручни соработници кои ја делат канцеларијата за административна работа, се соочуваме со проблем да користиме лична просторија за својата работа (индивидуална работа со ученици, наставници, родители) која во зависност од професијата може да биде дури и 80% од своето време. Иако е договарано за просторија за дополнителна работа: Индивидуална и работа во група (состаноци, работилници со ученици и родители, работа на проекти со група ученици, соработка со ученички парламент и ученик правобранител со заменици, советување на родители и советување за група ученици и сл.) сепак, истата просторија не е целосно наменета за работа на стручната служба. Набавени се доволно сретства кои се потребни, но и не се обезбедени целосно соодветни ресурси за работата. Исто така голем предизвик е користењето на просторијата од разни тимови и наставници, каде се губи одговорноста за просторијата и менаџирање на времето и работата на стручните соработници.*

4.4. Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности (на пр. колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето)? Кои се предизвиците и како се надминуваат?
(*Училиштето го обезбедува потребниот материјал за реализација на наставните и воннаставните активности)*

4.5. Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и сручни соработници?
(Обезбедувањето на наставен кадар и стручни соработници училиштето навремено  го обезбедува. Постои напредок во промовирање на училиштето)
4.6. Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување?
*За професионалниот развој на кадарот последните години е ангажирано Бирото за развој на образованието. БРО организира најмалку една обука за кадарот. Сепак преку учество во проекти, вработените од училиштето може да посетуваат обуки, а исто така и секој на своја рака и трошок може дополнително да се едуцира.*
4.7. Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите?
*(Директорот на училиштето се труди да обезбеди што подобри услови за работа на наставниот кадар за уште поголеми резултати и подобрување на успехот на нашите ученици)*
*4.8. Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?*

a. Кој следи?
Педагогот и психологот.
b. Честота на следење.
*Еднаш, најчесто до два пати во годината е посетен секој од наставниците.*
c. Процес на давање повратна информација.
*По завршување на следење на наставниот час, педагогот и психологот може да дадат повратна информација до наставникот, особено ако има промени во предавањето или видот на часот. Понекогаш во консултација со наставникот се закажува посебен термин за давање повратна информација.*
d. Усогласување на планирањето/наставата со дадените препораки.

4.9. На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за:

a. Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма
b. Користењето на буџетот на училиштето

(*Училиштето на секои три месеци (квартално) доставува извештаи до општината за трошењетона буџетските средства. На почетокот на секоја година училиштето доставува Финасиски план за училишниот буџет, за распределување на финансиските средства. Финансискиот план го одобрува Училишниот одбор и Советот на општината.Буџетот во училиштето се користи*

*наменски и за цели кои се фокусирани  на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина)*

## ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ „Славчо Стојменски“ Виница - период 2021 - 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ Член 129 став 2, закон 161/19 и 229/20 година) и член 25 од од Статутот на училиштето, Општинското основно училиште „Славчо Стојменски“ Виница изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2021-2022, 2022-2023 и 2023-2024 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 25.10.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

**Комисија за спроведување на СЕУ**:

Јордан Стојанов –у чилишен педагог
Петрунка Илиева – социјален работник
Виолета Николова - психолог
Стојче Петровски - наставник
Ивана Павловска - родител

Самоевалуацијата беше спроведена за периодот 2021 – 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што на 13.11.024 беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 1:Планирање, настава и учење | 1. Зоран Ристов -  одговорна<br>2. Бојан Михајлов<br>3. Тања Лазарова Арсова<br>4. Марина Спасова<br>5. Ангелина Темелкова |

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 2: Постигања на учениците | 1. Анкица Лесанска – одговорна<br>2. Весна Ефтимова<br>3. Даниел Ѓорѓиев<br>4. Симона Ковачки<br>5. Елена Стаменкова |

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 3:Училишна клима и односи во училиштето | 1. Елизабета Попова - одговорна<br>2. Елена Петровска<br>3. Билјана Темелкова Јованова<br>4. Сања Смиланска<br>5. Златко Ампов |

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 4: Управување, раководење и креирање политики | 1. Јордан З. Стојанов – одговорен<br>2. Цветанка Алексова<br>3. Благородна Лазарова<br>4. Катерина Анчева<br>5. Стојанче Ѓоргиев |

На 15.11.024 год.на Наставнички Совет беше дадено Објаснување на вработените во училиштето за целта на самоевалуацијата, текот на процесот и јакнење на капацитетите на членовите на тимовите за самоевалуација а тимовите добија соодветни инструквии и потребни материјали. Претходно Комисијата определи примерок од ученици и родитеи за анкетирање и ги подготви прашалниците.

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да обезбедиме поголема транспарентност на целокупниот процес, на состанок на Наставничкиот совет одржана на 19.02.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, предложените приоритети како и начинот и користената документсциај за добиените разултати. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Извештајот од Самоевалуацијата е разгледан и на Совет на родители и на Училишен Одбор

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>1.Наставните планови и програми училиштето ги реализира според Календарот за тековната година доставен од МОН, според кој потоа се планира распоред за работа на почетокот на учебната година. Наставниците навремено ги изработуваат планирањата. Пред почетокот на учебната година стручната служба прави проверка на програмите и на наставниците им дава повратна информација. Часовите се следени од страна на: педагогот, психологот, директорот и со наставниците се прават консултативни разговори.<br>2 Наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта, а како резултат на тоа подобрени се планирањата кај најголем број од наставниците.<br>3. Во училиштето се вклучени и ученици со посебни образовни потреби во редовниот образовен систем, но со нив се работи според индивидуални образовни планови и програми кои се изработуваат според потребата, а наставниците индивидуално ги изработуваат. 4. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Стручната служба ја следи процедурата за изборните предмети. Ја спроведува со анкетни листови и ги сумира податоците, а според тоа се прави распоредот за наставниците.<br>5. Наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, а исто така користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби. |

6. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
7. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови.
8. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма. Наставниците и стручните соработници делумно се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар од Скопје за унапредување на наставата за учениците со попреченост.
9. ТУИ (Тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат работилници поврзани со МИО-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат во рамките на нивните предмети.
10. Од спроведените интервјуа и анкети се согледува дека најголем број од учениците и родителите се задоволни од грижата и се чувствуваат сигурно и безбедно во училиштето.
11. Стручната служба во соработка со наставниот кадар преку соодветни прашалници на почетокот на учебната година ги идентификува учениците со потешкотии, надарените и талентираните ученици, а во текот на наставната година се идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства.

Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

Како училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата?

Обуки официјално се обезбедуваат преку БРО. Секој наставник или стручен соработник може дополнително да посетува обука доколку во својот личен професионален план така одредил.

Дали има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници?

Да, во зависност од обуката и насоката за вршење дисеминација.

12. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?

Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата? (индивидуално, стручни активи, регионални/меѓународни искуства)

Секој наставник планирањата ги подготвува индивидуално а понекогаш по активи(обично во одделенска настава), Некои планирања за слободни изборни предмети по новата Концепција се превземат од страната на БРО или од други училишта.

Кој ги следи планирањата? Колку често?

Годишните и тематските ги следи педагогот на почетокот на годината и прави анализа за нивната содржина со препораки за корекции доколку е потребно. Дневните планирања ги следат педагогот и психологот при посета на часови.

Како се дава поддршка за подобрување?

Препораки од БРО и препораки и коментари од педагогот на Наставни Совет и при индивидуални разговори и консултации со наставниците.

Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?

Се изготвуват квалитетни планирања кои ги содржат потребните елементи и се функционални со можност за измени и прилагодувања по потреба во текот на годината.

1.1. Како во училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник?
Во случај на отсуство на наставник, стручната служба изработува соодветен привремен распоред за непречено изведување на часовите на учениците, често, доколку е потребно во одредени паралелки се реализираат работилници од страна на стручната служба.

1.2. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети? Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?
Процесот за понудување и избор на СИА и СИП е законски одреден преку Правилник и истиот се реализира на тој начин. Од 4-7 одд. учениците добиваат анонимен општ анкетен прашалник со кој се проверува заинтересираноста на учениците по подрачја и потоа преку анкетен лист им се нудат предмети чии програми веќе се усвоени од БРО. Од 4-9 одд. на учениците им се нудат повеќе изборни предмети а најмалку 3 , од кои учениците бираат 1. Учениците имаат можност да посетуваат слободни/ изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес.

1.3. Како вообичаено се одвиваат наставните часови?
Согласно информациите кои ги имате од следење на часовите, колку сметате дека наставниците успеваат да ги приспособат задачите и активностите на индивидуалните образовни потреби на учениците? На кој начин го прават тоа? Колку разлики има помеѓу наставниците?
Учениците со посебни образовни потреби имаат можност за ИОП (индивидуален образовен план) кој наставниците се должни да го изработуваат. За останатите ученици, одредени наставници знаат да изработуваат задачи во одредени прилики кои ќе покриваат три категории, или се дава екстра задача за понапредни ученици, или поедноставна задача за ученици со потешкотии. Сепак, индивидуалните образовни потреби не се анализираат за да може да се пристапи кон индивидуализиран пристап на секој час и по секој предмет.
Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?
Наставни нагледни средства кои се обезбедени од училиштето, изработени од наставници, Смарт табли, ТВ монитори, лаптопи, се користат наставни ливчиња, флеш карти, графикони, како и технички помагала LCD проектор, DVD плеер, CD плеер, компјутер и сл.
Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?
Поголем дел од наставниците 40 до 50% во наставата користат метод на усно излагање, но исто така се почесто наоѓа примена и метод на разговор, поретко дискусија, метод на илустративно-демонстративна работа, учење преку игра, а мал дел наставници 20 до 30% применуват искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување.
<u>Најзастапени методи</u>

| | |
|---|---|
| 37. Метод на игра - 9 наставника | 38. говорен метод -50 |
| 39. метод на покажување - 15 | 40. илустративен метод - 8 |
| 41. метод на пишување, цртање-8 | 42. метод на работа со текст - 26 |
| 43. Дискусија - 15 | 44. метод на истражување - 4 |
| 45. Метод на презентација -18 | 46. метод на практична работа - 11 |
| 47. аудио – визуелен метод 11 | 48. демонстративен -/ предавање -6 |

Колку од наставниците од вашето училиште обезбедуваат еднакви можности за вклучување на сите ученици за време на наставните часови? Какви методи и техники користат наставниците во работата со учениците со ПОП?
Скоро 90% од наставниците обезбедуваат еднакви можности и настојуват да ги вклучат и ангажитаат сите ученици за време на наставните часови.
Како е организирана дополнителната и додатната настава во училиштето?
За организирање на дополнителната и додатната настава во училиштето се изготвува распоред на месечно ниво а наставниците се задолжени редовно и на време да ги информираат учениците и родителите за термините.

- Како ја проценувате образовната инклузија во училиштето?
- Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици? Како функционираат? Со кои предизвици се соочуваат?

Има формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици. Истите функционират.Инклузивното образование само по себе не ги дава очекуваните резултати и покрај силно вложениот труд.

- Како се одвива процесот на изготвување, примена и следење на индивидуалните образовни планови?
- За изготвување на индивидуален образовен план за ученик со ПОП се формира инклузивен тим на ученик кој првенствено одржува состанок во врска со изработката на ИОП,се разгледуваат можностите,потребите, се поставуваат цели,стратегии,се ангажираат наставници кои предаваат на ученикот а за чии предмети се одлучило да се изготви ИОП во соработка со дефектологот и останатите членови во ИТУ. Откако ќе се изготви ИОП секој од наставниците ја спроведува наставата со ученикот со ПОП според дадените цели претходно поставени во ИОП. Се прави ревизија на полугодие и доколку има потреба целите или се намалуваат или зголемуваат.
- Каква е соработката со надлежниот ресурсен центар? Со образовните асистенти?
- До сега постои солидна соработка и со ресурсниот центар и со образовните асистенти кои до сега се вклучени во образовниот процес во нашето училиште.
- Како ја проценувате меѓуетничката интеграција во училиштето?
- Дали имате формиран Тим за училишна интеграција (ТУИ)? Како функционира? Со кои предизвици се соочува?
- Да, има формирано тим во училиштето. Тимот има изготвено програма со свои активности и се реализираат истите согласно временската рамка. Се поттикнува желба да се направи, да се постигне меѓусебно почитување, поддржување, соработка, помагање помеѓу учениците во училиштето и надвор од училиштето без разлика на пол, националност и вероисповед. Овој вид активности овозможуваат младите да учат едни за други и едни од други. Преку запознавањето со различностите учениците всушност се зближуваат, дејствуваат и живеат заедно.
- Извор: Годишна програма и извештај на училиштето.
- Какви (наставни/воннаставни) активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години? Како ја проценувате нивната ефективност?
- Активностите кои беа реализирани се со содржини од тематски работилници од Образование за животни вештини (ОЖВ),(Познавање на базичните човекови права, Почитување на другите, Меѓусебно поддржување и соработка, Градење позитивен однос кон својата земја, Донесување на одлуки во група, Споредување на азбуките на двата јазика, Изработка на слики, цртежи, за отсликување на мултиетничко општество и слично.
- Наставниците во годишното планирање имаат прилагодено наставни содржини за МИО.
- Изминатите две години се реализирани посета на верски објекти (црква и џамија),

- Ликовен конкурс на тема: „Еден свет за сите“. Учество зедоа учениците од I до V одделение а се наградени 5 ученика, по еден од одделение.
- Реализација на работилниците од програмата за образование за животни вештини во текот на годината при што се реализирани во сите одделенија;
- Мултикултурни работилници реализирани од VI до IX одделение;
- Спроведување на активности од Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на општина Виница.
- Група од 5 ученици од 8 одделение учествуваа во Вебинари за младински активизам.
- Младинска работилница за мапирање на приоритети / Младинска акција во СОУ„Ванчо Прке“- Виница.
- Денови на интеркултура (ликовни настани, музички настани, поетски читања, хуманитарни акции, спортски турнири, креативни работилници)
- Од реализираните активности имаше позитивни ефекти. Целта е учениците од различни етнички заедници да соработуваат, да се дружат, да се почитуваат, да си помагаат.

Колку во спроведените активности соработувате со Комисијата за МИО при локалната самоуправа (доколку ваква комисија е формирана во општината)?
(доколку наставата се спроведува на два или повеќе наставни јазици) Како ги спроведувате
Наставата во училиштето се изведува на еден наставен јазик т.е. македонски јазик.

1.4. Како вообичаено оценуваат наставниците?

Какви критериуми за оценување користат? Како ги развиваат?
Користат критериуми и стандарди донесени од БРО и дадени стандарди во Наставните програма со мал исклучок но сепак критериумите се паднати на пониско ниво.
Какви методи, форми и инструменти за оценување се користат? Како се развиваат и унапредуваат?
При оценување на постигањата на учениците и проверка на остварување на целите најчесто како методи се користат усни одговори на учениците, практична изведва, анализа на одговори од н.ливчиња и презентаци, а како инструменти најчесто се применувани чек листи, скала за процена, ЗСН табела, листа за вреднување со дадени критериуми за меѓусебно проверување, мал дел од наставниците 10 до 15 применуват холистичка бодовна листа, а многу мал дел и аналитичка листа. Кај дел од наставниците наместо опис на инструмент во дневно планирање е запишано Усна и писмена повратна информација УПИ/ППИ кое нешто е начин на информирање но не и инструмент за вреднување.

Колку од наставниците применуваат формативно оценување?
Околу 45 до 50 %
На кои начини родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување?
На родителски средби
Како информациите од оценувањето се користат во наставата?
За подобрување на квалитетот на настават (пеимена на современи техники и активни методи) за подобрување на квалитет на оценување.

1.5. Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?

Колку од учениците се вклучени во воннаставните активности?
Најголем дел од учениците и сите кои пројават интерес во некоја област без разлика успех и етничка припадност

Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА?
Мал дел
1.6. Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари?
И на ниво на училиште, и секој одговорен предметен наставник добива информација преку здруженијата дека ќе се реализира одреден натпревар. Потоа информацијата се споделува со сите засегнати одделенија кои се опфатени со натпреварот. Предметните наставници ги информираат учениците и одлучуваат дали и кои ученици ќе пријават за натпревар. Информацијата се споделува со стручните соработници од Тимот за надарени ученици кои водат евиденција за пријавени ученици за натпревари. Притоа доколку еден ученик е пријавен за повеќе од два или три натпревари (предмети), се проверуваат интересите и способностите на ученикот за кои од предметите е најсоодветен да се пријави. Така се дава можност на повеќе ученици да се докажат во кои предмети најдобро се пронаоѓаат и се способни да го претстават училиштето.

**Силни страни**

- Училиштето води континуирана грижа за учениците, реализацијата на Наставниот план и програма, соработката со родителите и Локалната средина.
- Сите наставници задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Тие изготвуваат ИОП и прават евалуации на истиот;
- Во текот на наставната година одделенските раководители во посебни извештаи ги идентификуваат и учениците од социјално загрозени семејства и континуирано се прават хуманитарни акции за помош на истите;
- Училиштето постојано набавува нагледни средства и материјали како информатички уреди со што се вбројува во едно од помодерно опремените училишта во земјава.
- Има повеќенаменски Мулти-медијален центар во кој учениците можат да следат настава со примена на модерна технологија.
- Училиштето овозможува продолжен престој на учениците од прво до трето одделение.
- Има спортска сала во која се изведува настава по ФЗО.

**Слаби страни**

- Училиштето нема рампа ниту лифт;
- Во тоалетите нема адаптација за ученици со физички поречености;

**Приоритети**

- Обезбедување пристап за ученици со физичка попреченост;
- Адаптација на тоалети за ученици со физички попречености.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално ги разгледува постигањата од Акцискиот план.

Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост се идентификуваат согласно со пропишани процедури. Учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води. И анкетните листи, скали на проценка го потврдуват тој податок. Дека родителите се известени за подобрување на успехот на своите деца 52 родители или 57,14% целосно се согласуват, Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште.58 ученици или 69,88%  целосно се согласувам и Голем број родители ја користат можноста да разговарат за постигањата на своето дете 27 наставници или 56,3%  одговориле со се согласувам.

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите/старателите, институциите (МТСП, центри за социјална работа и сл.), локалната амоуправа и со граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Родителите вклучени во советувањето се поради нередовност и од извршени анализи и разговори е констатирано дека се работи за социјано ранливи категории, ученици на разведени родители и родители со ниско обраование.

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, видлива е промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата, со што средниот успех на крајот на учебната година континуирано се зголемува за разлика од полугодието. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето

Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете 54 родители или 59,34% одговориле со целосно се согласувам, 52 ученици или 62,65% целосно се согласуват дека наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех и 24 наставници или 50% на родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето одговориле со целосно се согласувам.

На моето дете во училиштето му е  овозможена  дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа 47 родители или 51,65% целосно се согласуват,Успевам да ги идентификувам учениците со потешкотии и талентираните ученици 27 наставници или на 50% одговориле со целосно се согласувам.

Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава 51 ученик или 61,45% одговориле со целосно се согласувам а на твдењето Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови 41 или 49,4% од учениците одговорилр со целосно се согласувам додека 14 или 15,63% одговориле со не се согласувам.

**Силни страни**

- За учениците со посебни образовни потреби стручната служба реализира индивидуална поддршка во поглед на

развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.
Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, презема конкретни активности, со што бројот на неоправдани изостаноци
да се намали.

- Во училиштето од оваа учебна година е организиран продолжен престој на учениците од I , II I III одделение
- Училиштето организира советување за родители чии ученици отсуствуваат од настава како и ученици со проблематично однесување.
- Училиштето редовно ги известува родителите/старателите за постигањата на учениците

**Слаби страни**

- Недоволна комуникација и информираност на учениците околу дополнителните и додатните часови во наставата.
- Ниска мотивација на учениците од ромска националност за поголема редовност во наставата и за подобрување на успехот

**Приоритети**

- Подобра организираност околу дополнителни и додатни активности
- План за поттикнување на учениците за подобрување на постигнувањата.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се многу добри и истите се синоним за училиштето и афирмација за истото на локално, национално и меѓународно ниво. Исто така во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и учетвуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Имаат училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа.
Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонnаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето.
Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истоте се активно вклучени во училишниот живот и во работата на училиштето.
Училиштето има склучено голем број на меморандуми за соработка со локалната заедница и инсттуции, невладини организации и акредитирани организации кои постојано ја следат работата, се вклучени и донираат соодветна опрема или интелектуални услуги во училиштето.

| |
|---|
| Се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и вонннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни инстотуции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана. Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците.<br>Педагошко психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. ППС во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование. |
| **Силни страни**<br>Училиштето има позитивна клима<br>Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознати учениците, наставниците, родителите и сите засегнати страни<br>Училиштето има детски парламент<br>Училиштето има ученик правобранител<br>Училиштето има соодветна евиденција и документација за дисциплина, однесување, формирање на соодветни тела, учетво и донесување на одлуки од страна на учениците.<br>Училиштето постојано соработува со локалната средина<br>Училиштето е афирмирано и постојано застапено во локалните медиуми<br>Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.<br>Училиштето организира работилници, едукација и наставни и вонннаставни активности за превенција од насилството<br>Училиштето организира предавања-самостојно и во соработка со организации и институции во врска со превенција и заштита од пушење, дрога и алкохол<br>Училиштето води грижа за учениците и наставниците за нивното здравје<br>Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства<br>Училиштето води грижа за цосио-емоционалната состојба и менталното здравје<br>Училиштето постојано соработува со родителите во разреѓувањето на ситуации со учениците<br>Во училиштето има позитивна работна атмосфера, покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа |
| **Слаби страни**<br>- Недоволно одржување на хигиената во училиштето ( хигиена во WC );<br>- Недостасуват обуки за препознавање и справување со булинг и врсничко насилство;<br>- Забележано е големо осипување на учениците;<br>- Кај поедини одделенија постои недисциплината на учениците;<br>- Покрај кодекс на однесевуање може да се воведе и кодекс на облекување или униформа . |
| **Приоритети**<br>- Подобрување на хигиената во училиштето ( хигиена во WC )<br>- Поголема едукација на децата Роми и нивните родители; |

- Наставниците повеќе да се ангажираат во наставниот процес во поглед на дисциплината;
- Организирање обуки за препознавање и справување со булинг и врсничко насилство ;
- Соработката на родителите со наставниците да се зголеми посебно со недисциплинираните деца преку најразлични видови на информирање;
- Да се најде модул за мотивација на амбициозните наставници.
- Во училиштето има позитивна работна атмосфера, покрај кодекс на однесевување може да се воведе и кодекс на облекување или униформа ( за ученици и наставници ) .

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**опис/резиме на подрачјето**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Тој е составен од 7 (седум) членови и тоа: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите односно старателите на учениците, еден претставници од основачот (Град Виница).

Орган на раководење во училиштето е директорот на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиската работа на училиштето. Него го избира и разрешува Градоначалникот по објавен оглас.

Постои добра соработка меѓу членовите на училишниот одбор и директорот на училиштето. Тие редовно оджуваат состаноци за се договараат за тековните проблеми и прашања врзани со работата на училиштето.

Задачите за управување како и административните задачи се формално дефинирани во Статутот на училиштето и во Законот за основно образование.

Раководниот тим формално треба да има соработка со сите субјекти од кои се делегирани членовите кои го сочинуват, бидејќи тие практично ги претставуваат овие структури и се запознаени со сите состојби во училиштето и пошироко во општествената заедница. Соработката често пати е повеќенасочна и интерактивна, а се однесува на прашања и проблеми врзани со работата на училиштето и пошироко, општествената заедница.

Размената на идеи се врши на повеќе нивоа вклучувајќи ги учениците, родителите, наставниците и претставниците од градот, МОН и деловната заедница, а секако по потреба и други субјекти од интерес, во врска со прашања кои се врзани со работата на училиштето. Вклученоста на учениците е повеќе формална отколку суштинска и на ова треба да се работи во иднина. Учениците преку своите претставници треба да бидат повеќе вклучени во изнесување на свои идеи, предлози и искажување на свои проблеми.

Придонесот на родителите треба да е поголем и тоа не само формален, туку и суштински, преку размена на идеи, презентирање на свои сознанија и искуства во однос на организацијата на работата. Мора да се напомене нивниот слаб интерес за соработка и слаба мотивираност да го посетуваат училиштето за време на закажаните родителски сосотаноци, а уште помалку во другите предвидени термини за посета на раководителот на паралелка или предметните наставници.

Она што е и приоритетна активност на училиштето е подобрување на соработката со родителите низ развивање на повеќе различни форми на соработка.

Разрешувањето на проблеми се остварува со учество на сите управувачки, раководни и стручни тела во училиштето како и соработка со родителите, учениците и структурите од градот, МОН и деловната заедница.

| |
|---|
| Во училиштето се реализираат повеќе активности од различни области за унапредување на здравјето, подобрување на соработката со родителите, поддршка на учениците, намалување на насилничко однесување, намалување на изостанувањето од настава и сл. Но тие не се развиени на ниво на училишна политика, која подразбира информираност и вклученост на сите субјекти во воспитно-образовниот процес во работа на некоја тема или идеја, при што сите мотивирано ќе пристапат во релизирање на заеднички активности, креирање на процедури и протоколи за работа.<br>Постојат релативно прецизни правилници за регулирање на поведението и изрекувањето на педагошки мерки кои најпрецизно се применуваат и даваат добри резултати во однос на дисциплината и радовноста на учениците.<br>Училиштето се обидува да ги интегрира сите ученици и да им овозможи тие да ги доразвијат сите свои потенцијали, предиспозиции и способности. Во однос на учениците со посебни потреби,училиштето има добра пракса.<br>Училиштето негува и поттикнува кај учениците билингвализам, што значи се става посебен акцент на изучување на два светски јазика<br>(германски јазик и англиски јазик) и запознавање на културата и традицијата на тие земји.<br><br>Во училиштето постои долгорочно планирање. Изготвена е развојна програма и дефинирани се приоритетни подрачја на промена и планирани активности. Врз основа на ова се подготвуваат и годишните планирања, односно годишната програма за работа на училиштето.<br><br>Идни активности: Приоритетни подподрачја кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето<br>- поголема вклученост на учениците и родителите во понуди и прифаќање на нивни идеи во насока на подобрување на образовниот процес,<br>- подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет,<br>- структурна реорганизација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди. |
| **Силни страни**<br>✓ наставниците, родителите и учениците се запознаени со начинот на раководење и управување во училиштето;<br>✓ наставниците и родителите во голем процент учествуваат со свои идеи во предлагање на мерки и активности за подобрување на работата и разрешување на проблемите;<br>✓ прецизна и јасна дефинираност на улогите, задачите и одговорностите на вработените;<br>✓ наставниците во голем процент се спремни да им пружат поддршка на учениците;<br>✓ примена на правилник за изрекување на педгошки мерки;<br>✓ изработени и развиени посебни програми и протоколи (надарени ученици, врсничко насилство и сл.); |
| **Слаби страни**<br>✓ Недостасува структурна организација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди.<br>✓ Недоволна вклученоста на ученичката заедница во донесување одлуки. |
| **Приоритети**<br>✓ поголема вклученост на учениците и родителите во понуди и прифаќање на нивни идеи во насока на подобрување на образовниот процес, |

| |
|---|
| ✓ подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет, структурна реорганизација и стандардизација на училишните ресурси според европски стандарди. |

| **Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето** |
|---|
| ➢ **Адаптација на тоалети за ученици со физички попречености**<br>➢ **Да се изготви стратешки план за поттикнување на учениците за подобрување на постигнувањата**<br>➢ **Да се изготви стратегија за соработката на наставниците со родителите преку најразлични видови на информирање и работилници посебно со недисциплинираните деца а наставниците повеќе да се ангажираат во наставниот процес во поглед на дисциплината;**<br>➢ **Организирање обуки за препознавање и справување со булинг и врсничко насилство ;**<br>➢ **Подобрување на комуникацијата во училиштето меѓу сите вклучени субјекти (особено со родители), во континуитет,** |

**Комисија за спроведување на СЕУ**:

Јордан Стојанов –у чилишен педагог
Петрунка Илиева – социјален работник
Виолета Николова - психолог
Стојче Петровски - наставник
Ивана Павловска - родител